## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Деветтото продолжение на Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 октомври 2007 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,25 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците кои се уште не влегле во салата, да влезат во салата, зошто наскоро започнуваме, продолжуваме со седницата, а продолжувањето започнува со гласање.

Затоа ги повикувам сите пратеници да влезат во салата.

Имаме над 70 пратеници запишани во списокот значи можеме да почнеме штом тие влезат во салата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги повикувам пратениците кои се уште не влегле во салата, да влезат во салата, зошто наскоро започнуваме, продолжуваме со седницата, а продолжувањето започнува со гласање.

Ги повикувам пратениците кои се уште не влегле во салата, да влезат во салата и да ги завземат своите места.

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници.

Продолжуваме со работа по 56-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Љубчо Георгиевски, Фијат Цаноски, Тито Петковски, Данаил Донче, Абдуладин Вејсели, Лазар Китановски, Радмила Шекеринска, Али Ахмети, Фазли Велију, Арбен Џафери, Мендух Тачи ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Предлог за донесување на закон за јавните набавки, со Предлог на закон.**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Претресот по амандманот за бришење на член 11, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, за гласале 4, воздржани нема, против 51.

Ги молам службите уште еднаш да доставát точен број на присутни пратеници за време на гласањето.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за додавање три нови ставови 2, 3 и 4, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот не се прифаќа.

Збор има господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Неприфаќањето на овој амандман уште еднаш ја потврдува политиката што оваа Влада ја води, а тоа е дека устата на Владата е полна со Европа и со исполнување на критериумите од Европа, но во реалност не се спроведува она што се зборува. Ова неприфаќање на овој амандман Владата обврските што си ги превзема пред европските институции, пред Европската комисија не сака да ги спроведе со единствена цел за да може да продолжи нетранспарентно и коруптивно.

Имено, за што се работи, амандманот ја дифинира независноста на Бирото за јавни набавки како самостојно правно лице, како независна институција која што ние како држава сме ја превзеле во Предлог националната програма за усвојување на правото на Европската унија го имаме зацртано како политика, како Република Македонија дека еден од приоритетите на патот кон Европа е осамостојувањето на Бирото за јавни набавки како независна институција. Тоа секако нема да бидеме ние први што ќе го направиме бидејќи како што и самиот директор на Бирото зборува во интервјуто во печатените медиуми, “во регионот и Бирото за јавни набавки е независна институција, а кај нас е дел од Министерството за финансии. Владата засега не планира да го одвои иако експертите го бараат тоа”.

Да повторам, бидејќи чујноста во салата е на соодветно ниво, самиот директор на Бирото за јавни набавки во печатените медиуми укажува дека ситуацијата во регионот е таква да Бирото за јавни набавки е независна институција, кај нас е дел од Министерството, дека Владата не планира да го одвои иако експертите го бараат тоа и не само експертите туку од нас го бара Европската комисија. Тоа ние сме го декларирале како Влада на Република Македонија во Предлог националната програма за усвојување на правото на Европската унија, што значи Владата кога сака да се повикува дека овој закон е европски тоа мора да го докаже. Европа не бара месечно да може 500 евра да се прави со непосредна спогодба. Европа не бара од нас, непосредните спогодби од три да ги зголемиме на 5 илјади евра. Европа од нас не бара да увезуваме струја со непосредна спогодба. Цела Македонија ќе

стане заложник на немањето електрична енергија заради тоа што некој одлучил додека не се донесе овој Закон за јавните набавки да не распишува тендер за набавка на електрична енергија за да може тоа да го направи со непосредна спогодба. Европската комисија или Европа бара од нас зајакнување на институциите на системот кои се борат против корупцијата или за спречување на корупцијата, независноста на Бирото за јавни набавки е барање од Европската комисија.

Во функција на понатамошната расправа ќе биде добро да го добиеме мислењето од Европската комисија за овој закон. Едно е табелата за усогласеност каде што Владата сама пополнува дека е делумно усогласен, дека дефинициите ги превеле, но мислењето за имплементацијата, за можноста за имплементација за овој закон како мислење на Европската комисија мислам дека е добро да го добиеме овде во текот на расправата за да можеме да дискутираме дали навистина овој закон е Европски или подзакрилата на еворопското знаменце како и досега за многу други закони Владата си отвора капиџици каде што ќе може да превзема серија на активности.

Амандманот се однесува на осамостојувањето на Бирото кое за жал, како институција во рамките на Министерството, кога зборувавме ние во еден претходен амандман, Владата го трга од неколку ингеренции кои досега ги имала. Пример е дека набавките што се вршат, а се однесуват на потребите на Армијата или во вежбовните активности мировни операции за нашите мисии надвор од Република Македонија се бараше мислење, сега од Бирото се префрлува на Владата, голем дел од ингерециите се земени на Бирото така да и во рамките на Министерството за финансии не се грижиме за зајакнување на институцијата, а камо ли за осамостојување и независност на институцијата.

Се покажало дека во сите земји кои преминале на независна институција Биро за јавни набавки каде што членовите би се избирале од Собранието, директорот може да се бира и со две третини ако изградиме еден таков консензус кон некои личности, се покажале како поефикасни и се спречиле голем број на злоупотреби. Вака ние само декларативно ќе кажеме дека носиме европски закони кои што немаат никаква врска со Европа. Само го користиме знаменцето за да можеме да ги уфрлиме непосредните спогодби онакви какви што ги сакаме.

Од друга страна со нашиот амандман предлагаме и вработените во стручната служба да имаат статус на државни службеници, со тоа ќе ја релаксираме нивната позиција, нема да бидат под постојан притисок при промената на власта, ќе продолжат да функционираат, ќе се обучуваат професионално, ќе градат една професионална кариера каква што треба да има еден државен службеник и само на тој начин можеме да изградиме независна институција по терког на Европа.

СДСМ веднаш по превземањето на власта во иднина ќе го превземе овој чекор што е обврска од Европската комисија и ќе предложи Биро за јавни набавки како независна институција, членови кои ќе се бираат овде во Собранието, со вработени кои ќе имаат статус на државни службеници, за да почнеме да ги исполнуваме реално, а не вирзуелно барањата од Европската комисија.

За жал, Бирото за јавни набавки согласно Националната програма за усогласување со европското право во краткорочните задачи што Владата ги има напишано од 19 март оваа година, планира за 2008 година три нови лица и набавка на потребна информатичка опрема и софтвер за спроведување на новите законски решенија за електронски јавни набавки, електронски аукции, што повторно се враќаме на прашањето или дилемата дали во преостанатите два месеци од оваа година е можно да се набави опрема како хардверска, комуникациска и софтверска која што ќе овозможи да се реализираат измените на законот посебно во делот на електронските јавни набавки и електронските аукции. Очиглено Владата ги планирала за 2008 година, очигледно сметала дека е природно процесот да оди прво да оди со институализација на Бирото за јавни набавки, но тоа што им зборуваме на Европа. Тука во Македонија Владата превзема други активности, Владата има свој пат како да ги решава работите со непосредна спогодба, на тој начин веројатно и Бирото како независна иснтитуција ќе имаше поголем кребилитет како член на тендерската комисија за продажбата на ТЕЦ Неготино тогаш некои работи ќе беа појасни во јавноста кога претседателот или директорот кој што би го бирале на Бирото за јавни набавки би одговарал овде на Собранието, тогаш многу полесно ќе стигневме до некои информации што во овој момент и се должат на македонската јавност.

Затоа СДСМ ќе ги исполни барањата на Евопската комисија, ќе отиде на независност на Бирото за јавни набавки, ќе го формира како правно лице, со вработени кои имаат стаутс на државни службеници.

Овој амандман е шанса парламентарното мнозинство за тоа да се определи сега и реално да почнеме да се бориме против корупцијата и криминалот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Процедурално, повелете, господин Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Претседателе сакам да ни објасните или да ни кажете нешто. Сега имаме пленарна седница, мака мачиме со кворум, но не од тоа што не се пратениците тука, туку што заседаваат собраниски комисии. Во 12 часотеве, требаше да започне Комисијата за економија, во 13 часот има Комисија за политички систем. Дел од пратениците сакаа и на комисија да дискутираат, имаме важни закони, а и овде е важен закон. Ве молам да ни кажете, доста е

непријатно, граѓаните гледаат дека пратениците не се тука и се чини дека не работат. Ако не сме на Комисија ќе излезе дека не сме биле присутни на Комисија. Ве молам да ни кажете како да работиме. Дали да одиме на комисии или пак да останеме овде. Едно мора да се откаже или комисиите, или оваа пленарна седница. Ве молам, вака е крајно некоректно. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Петнаесет минути да се искоординираме по ова прашање, ве молам.

Ги молам коориднаторите во сала Охрид да се искоординираме за да биде чисто.

(Пауза од 15 минути)

(Паузата започна во 12,15 часот)

(По паузата седницата продолжи во 12,36 часот)

Објавувам пауза до 15 часот.

Ви благодарам.

(Паузата започна во 12,26 часот)

(Пауза до 15,00 часот)

**Бесим Догани:** Ги повикувам пратениците да ги заземат своите места.

Продолжуваме со претресот по амандманот на член 12 за додавање три нови ставови 2, 3 и 4, однесен од пратениците Марјанчо Николов, Верица Филипова и Благородна Цветковска.

Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер и претставници од Бирото за јавни набавки.

Малку е чудно што по однос на амандманите кои што се поднесени од страна на нашата пратеничка група нема многу заинтересираност од страна на позицијата да не слуша. Обично доаѓаат само кога треба да се гласа за истите, но навистина се работи за многу значаен закон, се работи како што кажавме повеќе пати претходно за закон со кој што се регулира трошењето на над 200 милиони евра пари на граѓаните. Мислам дека во најмала рака треба да постои заинтересираност, да се отвори дебата во Парламентот, бидејќи законот онака како што е предложен навистина не е до крај доречен и има многу можности за субјективно толкување на одредени членови, што само по себе создава предуслови и да се појават одредени неправилности при спроведувањето на постапките за јавни набавки. Затоа, ме зачудува фактот што пред секое гласање на амандманите, мораме да имаме пауза за да се соберат колегите од мнозинството и по дефиниција да го одбијат амандманот, додека многу малку од нив седат во салата и ги слушаат нашите аргументи зошто сме го поднеле амандманот и кои се нашите причини, зошто сметаме дека амандманот треба да биде прифатен. Значи, овој е еден од поважните амандмани кој што се однесува на Законот за јавни набавки и со овој амандман во суштина се прави еден исчекор напред. Предлагаме Бирото за јавни набавки не како до сега да биде орган во рамките на Министерството за финансии, туку да добие самостојност и да работи независно од Министерството за финансии и од Владата.

По постојното решение на Законот во Бирото за јавни набавки не се наведени многу надлежности кои што се однесуваат на неговата контролна улога при спроведувањето на постапките за јавни набавки. Нашиот амандман предвидува Бирото за јавни набавки да биде државен орган кој е самостоен во својата работа, има својство на правно лице. Бирото за јавни набавки има стручна служба. Вработените во стручната служба имаат статус на државни службеници согласно законот за државните службеници. Значи, се прави една суштинска промена на статусот на Бирото за јавни набавки, а со наредниот амандман и со следниот после тоа амандман уште повеќе се зајакнува независноста, се разбира, доколку колегите пратеници сакаат да не слушаат и сакаат да го изгласаат нашиот амандман. Бидејќи, се предвидува со наредниот амандман директорот да го именува Собранието и извештаите, Бирото за јавни набавки да ги поднесува до Собранието на Република Македонија. Сметаме дека е од суштинско значење, а тоа се веројатно и препораките од Европската унија, Бирото за јавни набавки да добие статус на самостоен државен орган, пред се, за да може ефикасно и стручно и квалитетно да ја извршува својата контролна улога при спроведувањето на постапките за јавни набавки.

Во стариот закон беше јасно нагласена таа контрола улога на Бирото за јавни набавки, само требаше да се оди една фаза понапред и да им се даде поголема самостојност. Додека во новиот закон такво нешто нема и Бирото за јавни набавки едноставно се сведува само на еден сервис на органите кои што ги спроведуваат јавните набавки, при тоа без да има некаква контролна улога. Само за илустрација, со претходниот закон, доколку сакате да спроведете постапка за непосредно преговарање за набавка на одредени стоки или услуги и други работи, ќе мораше до претходно да спроведете два пати постапка за јавна набавка, дали отворен или ограничен повик, кои што мораат да бидат идентични и доколку не добиете понудувачи, најмалку 2, ќе мораше од Бирото за јавни набавки да се бара согласност да се оди на непосредно преговарање. Значи, Бирото за јавни набавки беше тоа кое што вршеше контрола дали навистина претходно спроведените постапки биле идентични, дали бил почитуван законот во делот на одредбите кои што се пишани во тендерот, сега таква улога нема повеќе никој од Бирото. Тоа е уште полошо, не само што Бирото нема таква контролна улога, туку нема орган кој што во текот на спроведувањето на постапката, посебно со непосредни преговори ќе контролира зошто е дојдено до оваа постапка која што е најспецифична и има најголеми можности за злоупотреба на парите на граѓаните. Значи,

немаме орган. Ќе чекаме да дојде државната ревизија, да изврши контрола зошто некој буџетски корисник или јавно претпријатие извршило непосредно преговарање, но тоа е се откога веќе се случиле работите, се направени злоупотребите, а вака доколку бирото за јавни набавки си ја задржи оваа контролна улога, навистина во голема мера се ограничуваат можностите за злоупотреба на одредени постапки при јавните набавки.

Исто така, Бирото за јавни набавки сите субјекти кои што подлежат на Законот за јавни набавки имаа обврска годишно да ги доставуваат своите планови за набавка во текот на годината. После секоја спроведена постапка да достават рекапитулар за јавните набавки единица и едноставно Бирото за јавни набавки имаше можност во сите тие постапки да има контролна улога и беше задолжено, доколку во очи одредени непрвилности или злоупотреби при спроведувањето на постапките да ги извести надлежните органи, посебно Министерството за финансии и Владата на Република Македонија.

Затоа, цениме дека во услови кога корупцијата во Република Македонија е и злоупотребата на должностите на се уште могу високо ниво, е дека од исклучително важно значење е Бирото за јавни набавки, не е да му се намалат надлежностите и правата, туку напротив да се зголемат и вработените да добијат статус на државни службеници, како би можело по независно, без притисок да ја вршат својата работа и навистина да имаат една контролна улога во текот на спроведувањето на постапките за јавни набавки, кога фактички може да се вршат и основните злоупотреби.

Затоа, сметам, колеги пратеници, дека со овој амандман, доколку сакате да го прифатите и гласате за него, ќе се даде можност навистина при спроведувањето на јавните набавки, значително да се зајакне контролата и механизмот на одговорност, бидејќи секој што ќе ги спроведува постапките за јавни набавки ќе треба добро да образложи пред Бирото за јавни набавки кои се нивните цели и зошто одредена постапка е применета, како е извршен изборот, како течела целата постапка и зошто токму тој економски оператор или понудувач е избран за најповолен. Затоа, сметам дека би требало да го прифатите амандманот, да направиме една суштинска измена и навистина Бирото за јавни набавки да стане самостоен орган, чии што вработени ќе имаат статус на државни службеници, како би можело навистина да може да вршат контрола на сите постапки за јавни набавки. Во спротивно, сметам дека доколку амандманот не се изгласа, се остава можност фактички значително и субјективно да се толкуваат одредени одредби од Законот, да се прават одредени планови, за незаконско спроведување на постапките за јавни набавки и навистина тешко ќе можеме да се одлепиме на таков начин од местото кое што го имаме според индексот на корупција и според злоупотребите кои што се прават во делот за јавните набавки.

Најголемиот број на злоупотреби во државата или при трошењето на парите на граѓаните, се прават токму при постапките за јавни набавки. Гледаме дека весниците се полни секој ден со одредени видувања, со одредени ситуации и случаи кога има извршена злоупотреба на надлежностите при спроведувањето на јавните набавки. Најново е со продажбата на термоцентралата Неготино, иако не ми е јасно зошто Владата упорно го тераше тоа според Законот за јавни набавки, но факт е дека тука ќе има сеуште простор за дискусии. За да ги избегнеме таквите ситуации, за да не се доведуваме во состојба да се отвораат можности за злоупотреба, многу е битно Бирото за јавни набавки да биде самостојно и директорот и вработените да имаат можност секоја најава за злоупотреба да ја спречат.

Затоа, ве повикувам како колеги амандманот да го изгласаме и да направиме навистина една добра работа и овој закон да создаде предуслови јавните набавки да се вршат и потранспарентно, меѓутоа многу и по одговорно и по совесно. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Николов.

Има збор господинот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Јас околу овој амандман ќе се потрудам да бидам што пократок во интерес на времето, бидејќи имаме доста амандмани по истиот закон и затоа тоа што го кажа колегата Марјанчо Николов по овој амандман, не би се повторувал со него, туку ќе се задржам на членот 12 кој што е даден во овој Предлог закон, односно зошто имаат поднесено колегите пратеници од СДСМ амандман точно по овој член.

Во овој член на овој Предлог закон се кажува односно членот 12 вели дека ќе имаме рационалност, ефикасност, и транспарентност во спроведување на јавните набавки што ги врши Бирото за јавни набавки. Но, во овој член овој орган е како орган на државната управа во состав на Министерството за финансии. Ние во изминатиот период, пратениците од СДСМ имаме поднесено доста амандмани околу исти принципи односно исти закони, членови кои што ни ги даваа одредени министерства, со кои што немаме танспареност обратно од тоа што ние е дадено во овој член односно немаме транспарентност, немаме рационалност и немаме ефикасност. Значи, овој амандман кој што го имаме поднесено е амандман кој што нуди токму тоа што треба, така како што треба да биде односно да имаме едно оддалечување, невлијание на Владата или на Министерството. Што сакаме со овој амандман? Со овој амандман сакаме Бирото за јавни набавки, бараме воведување на еден од трите нови ставови,

едниот односно првиот став во овој член би требало Бирото за јавни набавки да е државен орган како самостоен во својата работа и во својство на правно лице. Н е знам што има лошо односно неприфатливо од страна на Министерството односно на министерот или заменик министерот да прифатиме на овој член т.е. на овој став, кој понатаму со по 3, бара Бирото за јавни набавки да има стручна служба и вработените во стручната служба да добијат статус на државни службеници. Сето тоа понатаму да се финансира од Буџетот на Република Македонија. Значи, со тоа имаме една транспарентност, рационалност, и ефикасност. Со овој амандман го добиваме тоа што фактички овде ни го кажува Владата односно што ни го дава овој член 11, овој член 12, кој што според мене и според нас од опозицијата не е ни транспарентно, ни рационално, ниту ефикасно. Затоа, еве, јас кажав уште на почетокот дека ќе бидам краток, колегата Марјанчо Николов, даде образложение зошто го бараме овој амандман и јас како што кажав се задржав точно на овој член 12 и зошто мислам дека треба да се промени односно да се прифати амандманот, за да се измени овој член 12.

Од претходните дискутанти знаеме односно слушнавме и сите во оваа сала знаеме дека преку јавните набавки се вртат големи парични средства, околу 200 милиони годишно и за тоа овој амандман ќе овозможи танспарентност, рационалност и ефикасост. Затоа, ве молам, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер, да размислите, сеуште има време овој член 12 да го измениме и да го прифатиме овој амандман кој што ќе биде за доброто на народот од кои што ќе се трошат парите и за доброто на Република Македонија и понатаму да немаме манипулации, дали на некој тендер односно при одредени набавки на одредени средства имаме манипулација односно задкулисни игри околу набавката на средствата. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Киров.

Има збор госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам почитувани присутни.

На почетокот на мојата дискусија по овој амандман, би сакала да се извинам на колегите пратеници, како и на гледачите на собранискиот канал на Македонската јавност што во средата кога почна дискусијата по амандманите, не бев присутна во попладневната сесија на Собранието на Република Македонија. Меѓутоа, во тој период во 17,00 часот се одржуваше трибина во Делчево за популаризација на кампањата Надмудри го ракот, биди здрава жена, на која од клубот на жени парламентарки бев присутна јас, требаше таму да присуствувам и поради тоа морав да ја напуштам собраниската седница порано.

Исто така, утринава на почетокот на денешната седница паралелно со пленарната сесија во оваа сала се одржуваше Комисијата за економски прашања чии член сум јас, паралелно две активности, па поради тоа на почетокот на дискусијата по овој амандман, не можев да се јавам. Меѓутоа, како и да е сега сум овде и би сакала да кажам неколку збора како еден од предлагачите на овој амандман.

Амандманот предвидува Бирото за јавни набавки да биде независен државен орган надвор од Министерството за финансии како што е до сега, надвор од Владата на Република Македонија, независен, нешто слично како Регулаторната комисија за енергетика и всушност како што е во европските држави.

Мислев дека овој амандман ќе добие зелено светло од претставникот на Владата на Република Македонија бидејќи е толку логичен, бидејќи последните настани околу приватизацијата на ТЕЦ “Неготино” покажаа дека политиката не треба да се меша ниту во јавните набавки, ниту во продажбата на државните богатства, националните богатства. Мешањето на политиката, обидот да владеачката гарнитура, владеачката партија ги координира и усмерува набавките и продажбите на националните богатства доведоа до ваква катастрофална и криминална продажба на Термоцентралата Неготино.

Имено, да не беше опозицијата пред се СДСМ, да не беше јавното мнение и медиумите во Република Македонија, а уште повеќе да не беше реакцијата од американскиот Стејт Департмент, Европската банка за обнова и развој, нашата одговорна Влада во наводници глатко ќе го потпишеше договорот за продажбата на ТЕЦ Неготино.

Настаните во изминатите три месеци сведочат и говорат за каков криминал, за каква лага се работело. Поради сето ова, сметаме дека мора Бирото за јавни набавки да биде независна институција, независен државен орган, надвор од политичките партии, надвор од партиите на власт, надвор од Владата на Република Македонија.

Јас не би сакала во мојата денешна дискусија да го повторувам, ценејќи го времето на колегите пратеници, да го повторувам она што до сега го искажаа колегата Макрадули, колегата Марјанчо Николов и Ацо Киров по амандманот. Меѓутоа, најбитното е тоа дека со јавните набавки се трошат парите од Буџетот на Република Македонија, дека се трошат парите од даночните обврзници, дека се трошат парите на граѓаните, а изминатата година и два, три месеци, покажаа дека немаат капацитет и желба за домаќинско трошење на парите од граѓаните. Поради тоа сметаме дека институцијата Бирото за јавни набавки и нејзината назависност ќе бидат еден чекор напред кон транспарентно и домаќинско трошење на народните пари. Да потсетам дека Република Македонија е сиромашна држава, да потсетам дека Буџетот на Република Македонија е мал, дека не изобилуваме ниту со рудни богатства, ниту со нафта, дека не можеме да ја имитираме Венецуела и Хуго Чавез со

секојдневните настапи и реклами на телевизија и директните и контактни емисии, бидејќи Венецуела има нафта, бидејќи Буџетот на Венецуела е огромен. За разлика од Македонија, за разлика од нашата држава каде парите кои се собираат од даночните обврзници и од граѓаните се релативно мали и поради тоа мора да се трошат многу одговорно и многу домаќински. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Филипова.

Има реплика госпоѓа Владанка Авировиќ, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам потпретседателе.

Би реплицирала на овој дел на почитуваната колешка во следново:

Дали знаете, почитувана колешке, дека до крајот на 2005 година со конечни извештаи на нашата државна ревизија се откриени вкупно 110 милиони евра незаконски работи на нашите министерства од кои најголемиот дел беа во областа на јавните набавки. Значи, законите не се детерминантни, законите се добри. И овие предлози се добри, прашањето е за луѓето кои што ги спроведуваат тие закони. Значи ви повторувам дека не е проблемот во донесувањето на законската одредба, проблемот е во тоа дали ќе се спроведат тие закони онака како што е наведено во законските прописи. Ако беше така, вие во вашето време на владеење ќе си ги спроведевте законите, немаше да има толкава корупција, немаше да има толку незаконски работи, а 110 милиони евра одземени од граѓаните се во конечен извештај на Државниот завод за ревизија. Значи, зборуваме за конечни извештаи потврдени, каде што е установено дека се скоро 90% во областа на јавните набавки. И немате морално право сега да прејудицирате овдека со овие законски решенија, со овој предлог ќе се случи истото што се случи и со вашите претходни работења во вашиот изминат период. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Авировиќ.

Контра реплика има госпоѓа Верица Филиипова, повелете.

**Верица Филипова:** Факт е дека најголеми забелешки на спроведувањето на јавните набавки има во општините каде што градоначалниците се од владеачкото мнозинство. Општина Аеродром, сите знаеме што се случуваше таму, општина Центар, и слично. Токму дискусијата, репликата на колешката Авировиќ го потврди тоа што и ние се обидуваме во досегашните дискусии да покажеме.

Имено, јавните набавки мора да бидат деполитизирани, посебно Бирото за јавни набавки, мора да биде независно од Владата и од власта во Република Македонија.

Токму нејзината дискусија го покажа тоа за што ние се обидовме да објасниме на владеачкото мнозинство, ако сака воопшто некој да не слуша овде. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Има збор господинот Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници.

Веќе неколку дена на дневен ред е Закон за јавните набавки, меѓутоа, сакам и јас да дадам придонес со мојата дискусија околу овој амандман што е поднесен на членот 12 од Предлогот за донесување на Закон за јавните набавки, што се однесува на Бирото за јавни набавки.

Имено, сите зборуваме дека во претходниот период имало многу аномалии околу јавните набавки, биле потрошени многу средства од страна на институциите, нормално средства собрани од граѓаните на Република Македонија и ме чуди фактот што оваа Влада која се залага за толку транспарентно работење и која се залага против корупцијата да и пречат неколку амандмани кои се поднесени од страна на опозицијата да бидат толку против нив и да не прифатат ниту еден амандман.

Конкретно, што се однесува до овој амандман на членот 12 од Закон за јавните набавки, станува збор Бирото да биде самостоен орган кој ќе има правно лице. Зарем не е подобро оваа Влада да ги отргне сите инсинуации околу криминалот со вршењето на јавни набавки. Ако имавме Биро за јавни набавки кое ќе беше независен орган немаше да ни се случи ТЕЦ “Неготино”. Немаше да има препукувања помеѓу министерот за економија госпоѓата Рафајловска и вице премиерот господинот Ставрески. Кој е виновен што не ја прегледал тендерската документација и кој е виновен за тоа што фактички ХАЧ нема да биде сопсвеник на ТЕЦ “Неготино”.

Затоа сметам дека овој амандман кој е поднесен од колегите пратеници е издржан, дури ќе биде подобро за оваа Влада да биде прифатен се со една единствена цел дека аномалиите кои се јавуваат при јавните набавки вршени од страна на државните институции нема да бидат под ингеренции на Владата и ќе бидат под ингеренции на тоа независно тело односно на Бирото за јавни набавки.

Во наредниот член 13 каде се вели дека директорот на Бирото за јавни набавки го именува Владата, дали тој директор има надлежност да ја контролира Владата? Дали службениците кои се вработени во Бирото за јавни набавки имаат статус на државен службеник, зошто да не им дадеме статус на државен службеник, зошто нивната одговорност да не биде како на секој државен службеник во Република Македонија. Зошто да се криеме зад превезот дека тоа е тело “независно”, а фактички зависи од Владата на Република Македонија.

Како што е предвидено финансирањето со нашиот амандман да се врши од Буџетот на Република Македонија со тоа ова Биро за јавни набавки ќе стане правно тело во кое ќе има директор и независни членови кои ќе дадат полн придонес за јавните набавки кои ќе се вршат од државните институции во Република Македонија. Инаку, ваквата поставеност како што е сега, верувајте, ниту еден директор на Бирото за јавни набавки нема да каже дека е незаконита продажбата на ТЕЦ "Неготино". Ниту еден директор нема да каже дека некоја јавна набавка извршена од страна на Владата на Република Македонија е незаконита кога имаме зависен директор на Бирото за јавни набавки.

Затоа почитувани колеги пратеници, апелирам и до вас, а и до заменик министерот дека овој амандман не е направен за да бидеме кочничари на реформите во Република Македонија. Овој амандман е направен со цел да имаме независно Биро за јавни набавки во кое, како ќе одговараат општинските институции кои вршат јавни набавки, така ќе одговараат и државните институции кои вршат јавни набавки.

Фактички ова Биро кое треба да биде независно треба да врши мониторинг врз јавните набавки, да сугерира и дава инструкции како да се вршат јавните набавки и во државните институции и во општинските институции.

Затоа предлагам овој амандман да биде прифатен од страна на Владата или ние како пратеници да му дадеме подршка.

Доколку не помине овој амандман ќе сметам јас лично, а најверојатно граѓаните на Република Македонија дека со Бирото за јавни набавки пак ќе раководат партиски кадри на владеачката гарнитура и пак ќе имаме едно владеење кое беше и во минатото, а ќе остане и во иднина. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Серафимов.

Има збор господинот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер, колеги пратеници.

Ова е еден од амандманите кој навистина заслужува внимание во Собранието на Република Македонија, пред се, пред македонската јавност заради тоа што аргументите со кои беше поднесен овој закон во собраниска процедура и причините кои ги наведе и Владата во образложението при доставувањето на законот во Собранието на Република Македонија е токму усогласувањето на оваа регулатива со Европското законодавство, меѓутоа, и намалување на сите досегашни аномалии кои се согледани во текот на спроведувањето на јавните набавки во Република Македонија како често оспорени постапки во разни ситуации кои придонесуваат за незаконито работење или за корупција во одредени institиуции во Република Македонија што придонесува за незаконско трошење на финансиски средства кои се собираат од граѓаните на Република Македонија.

Токму од тој аспект, ако сакаме да ги постигнеме овие цели кои се укажуваат, реков и во образложението и во наведените причини за што се донесува овој закон, тогаш мислам дека требаше овој амандман да биде оценет како добар, амандман што ќе придонесе во таквата намера на Владата на Република Македонија овој амандман да биде амандман кој ќе го допрецизира, ќе го збогати во смисла на квалитет овој закон и најважно од се со овој амандман ќе упатевме јасен сигнал дека намерите на Владата на Република Македонија, а и на нас како Собрание се во насока на намалување на сите аномалии или негативни појави кои се појавуваат во постапките при јавни набавки во Република Македонија.

Тоа го констатиравме години наназад дека има проблеми во делот на спроведувањето на постапка за јавни набавки. Често пати тоа беше укажувано без некакви посебни ефекти од поведување било каква постапка за одговорност во Република Македонија. Законот за јавни набавки што го имаме во овој момент покажа дека има одредени сегменти кои недоволно функционираат иако и тој е донесен врз овие принципи токму на транспарентност и ефикасност во спроведувањето на законот меѓутоа, спроведувањето или востановувањето на институцијата Биро за јавни набавки имаше за цел за да има контролираност во овие постапки за јавни набавки, како и за сите ситуации што би биле итни во постапките да може да дава согласност и Бирото за јавни набавки.

Ако е така и ако вистинската определба на Владата е очекував дека овој амандман ќе биде прифатен како составен дел на текстот на законот. Меѓутоа, очигледно дека други се причините заради кои Владата сака да го измени законот за јавни набавки. Јас не би навлегувал во причините зошто Владата е заинтересирана да имаме ваков закон каков е понуден во Собранието, зошто Владата не прифаќа ниту еден од аргументите дали е тоа на опозицијата во овој случај можело да биде и на позицијата доколку биле малку повеќе инвентивни и поднеле некои амандмани во Собранието на Република Македонија навистина да го подобриме законот и да ги добиеме посакуваните ефекти.

Очигледно дека се сака одредени постапки кои се водат во даден момент и кои понатаму треба да се водат во смисла на јавни набавки добиваат некаква заштита преку одредени правни норми кои ќе ги вградиме во овој закон.

Од тој аспект сметам дека неприфаќањето на амандманот Бирото за јавни набавки да го направиме самостоен државен орган кој би бил понезависен отколку е сега во рамките на Министерството за финансии, на тој начин ќе се воспостави една пракса на функционирање на еден државен орган кој ќе има строга контрола во

постапките за јавни набавки и на тој начин ќе можеме да се согласиме сите заедно дека навистина направивме се, дадовме максимум и направивме еден повисок степен на независност и на овој орган, меѓутоа, и на подзаконските постапки. Доколку остане Бирото за јавни набавки како дел од Министерството за финансии или орган на Министерството, тогаш се поставува прашање, лично јас го поставувам, меѓутоа и на секого од вас веројатно ќе се постави прашањето дали ќе може во одредени ситуации Бирото за јавни набавки или раководителот кој што ќе раководи со ова Биро да влијае на одредени постапки кои што се спроведуваат во Република Македонија.

Често пати сме соочени со состојба во Република Македонија тендерите да се поништуваат неколку пати од не знам кои причини се со цел да на крајот се даде согласност од страна на Бирото за јавни набавки и да биде склучен договор за избор на најповолен понудувач, врз основа на тоа одобрување од државниот орган со било која од фирми, заради тоа што однапред се знае дека таа и таа фирма ќе мора да го добие тој тендер. И соочувањето со такви проблеми не одвлекуваше во разни сегменти на создавање на нови проблеми. Тоа ни се случи во Министерството за здравство, неколку пати поништување на тендери, за определување на лекови за референтни цени итн. инт. се додека не се постигне она што беше посакувано. Тоа постојано го искажувавме овде во Собранието на Република Македонија, за што немаше одговор многу време зошто е тоа така, меѓутоа не доволно да напишете некаков писмен одговор кој што би ве оправдал од една таква состојба, туку едноставно она што се случува во тој сегмент, е доволно јасно на што укажува дека на тој начин се спроведените тие постапки за јавни набавки.

Исто така, она што се случи со МЕПСО минатата година како еден од би рекол скалндали или коруптивни скандали за кој што самото претпријатие преку надзорниот одбор кој што е задолжен за следење на материјално-финансиското работење укажа дека има недоследности во финансиското работење, токму од овој аспект, за што самиот понесе една политичка одговорност без да притоа биде утврдена објективната одговорност на оној кој што ги направил овие работи спротивно од законските норми. Исто така, како пример кој што треба да ни служи како аргумент кога ќе одлучуваме по овој амандман се и тендерите или јавни набавки кои што беа спроведени за време на Самитот кој што се одржа во Охрид. Над 45, 46, или 50 тендери колку што јас можев да ги видам, според мои сознанија само два биле потпишани договори за два тендери во редовна постапка. Сите други поништени два пати и со одобрувањето на Бирото за јавни набавки потпишани спогодби со Хермикс кој што се знае дека прет тоа мора да ги добијат овие тендери, овие се, и сето тоа укажува на злоупотреба на средствата што ги прибираат за јавните на Република Македонија и трошење на несоодветен начин што не ни дава право на никој без разлика на која позиција или функција се наоѓаат во дадениот момент. Мислам дека воопшто не треба да се говори ниту за тендерот кој што беше за продажба на ТЕЦ Неготино паднаа во вода сите претходни фалења кои што беа искажувани од страна на Владата заради тоа што покажа дека други биле мотивите во спроведувањето на овој тендер, а иако се тврдеше дека тоа е едно од најтранспарентните постапки во Република Македонија во овој период па дури и од независноста на Република Македонија. Такви ќе бидат јавни наддавања уште или биле уште неколку кои што во овој момент се затворија со самото тоа што повторно ова биро за јавни набавки го оставаме како орган во сопственот на Министерството за финансии. Имплицира дека определбата на Владата е да може понатаму да има удел во одредени јавни набавки да во секој момент може да се интервенира преку раководниот кадар кој што ќе биде инсталиран во Бирото за јавни набавки, за одредени постапки при спроведувањето на постапката за јавни набавки од било кој сегмент, заради тоа што навистина според нивната логика би било премногу да еден тендер кој што е во тек не се добие на вистинска адреса. Е, на таков начин нема да ги оствариме заложбите кои што ги понудивте ниту како причини, за донесувањето на овој закон, ова не е принцип на кое што ќе се сложи Европската унија, или Европската комисија, ниту па принцип кој што ќе го определат како добар принцип во спроведувањето на овие постапки, а со тоа да кажеме дека со законот ќе намалиме корупцијата во овој дел или ќе ја зголемиме транспарентноста ако имате директно влијание од политички структури кои што се во моментот на власта. И заради тоа мислам дека ние како пратеници ќе мора да направиме максимум напори да не ги следиме ваквите идеи на Владата на Република Македонија заради тоа што тоа не се идеи кои што допринесуваат за остварување на наши декларативни заложби и намалувањето на корупции и на доуредување на одредени сегменти како што е во случајот сегментот за јавните набавки во Република Македонија и на тој начин да допринесе навистина да формираме независен стручен орган кој што ќе има стручна служба кој што ќе може од професионален аспект до максимум да ја одработи задачата и навистина да имаме добар резултат во тоа што значи спроведување на една постапка за јавни набавки и се помал број на можности за злоупотреба во ваквите постапки. Заради тоа што премногу веќе ако зборимe за централно ниво од ден во ден веќе излегуваат одредени проблеми или афери кои како би можеле да ги наречеме во овој дел и со без набавки на некои откупување на некои одредени работи, набавки во делот на рекламирање на одредени владини проекти итн. итн., сето тоа би било сведено на минимум, а да не говориме на тоа што се случува на локално ниво на локални самоупрви, на ниво на јавни

претпријатија формирани од Лупа сом итн.инт. Сето тоа допринесува на недомаќинско трошење на средствата и намалување на ефективноста од вложувањето од тие средства кои што ги прибираме од граѓаните на Република Македонија. Ако постојано се жалиме дека недоволно средства се прибираат или дека недоволно во овој момент имаме полнење на Буџет не само на централно ниво туку и на локално ниво, дајте барем со нешто да допринесеме, барем да покажеме дека има политичка волја и израз на политижка желба да овој сегмент навистина го доуредиме. Ако ни е тоа целта. Ако ни е да продолжиме понатаму со ист начин на работа во кој што ќе можеме да му кажеме на директорот на Бирото за јавни набавки, односно да му наредиме, како некоја партиска директива за спроведување на одредена постапка, тоа е веќе нешто друго, ама треба често да кажеме за влијанието на Република Македонија и пред оние кои што не следат како европски мониторинг.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Спасовски.

Реплика има госпоѓа Владанка Авировиќ, повелете.

**Владанка Авировиќ**: Благодарам.

Исцело се согласувам со колегата кога зборуваме за злоупотреба на јавните набавки, за злоупотреба на тендерите и јас лично целиот мој работен век го посветувам на тоа. Во интерес на вистината да кажам само тоа дека кога говореше колегата, за ЕАП форумот треба да се доискажат работите како што беа, а тоа значи дека на веќе објавените тендери за возила и останатите тендери не се појавија кандидати, затоа и се пристапи на непосредна спогодба, јас ги следев тие тендери.

Сметам дека Владата сосема праведно постапи бидејќи ќе се доведеше во прашање одржувањето на форумот кое што беше од исклучителна важност на Република Македонија, а тоа пред се беа специфични јавни тендери кои што навистина во Република Македонија тешко ќе се најдеше таков кандидат кој што можеше да обезбеди 200 унифицирани возила со високи стандарди кои беа регулирани со стандардите на НАТО. Тоа беше едната работа.

Доколку имате некои такви сознанија дека се злоупотребува, јас го молам колегата истите да ги пријави и за тоа постои процедура. А, ве убедувам дека во вашиот претходен период постојат конечни извештаи во кои што јавните набавки се спроведувале пред да се закажат тендерите, значи се исцрпувале, дури за тоа има и пишани документи и второстепени комисии на Влади ги верифицирале таквите незаконски рботи. Предмет на истражување нека ви биде и зошто јавниот обвинител ги чувал сите тие предмети во фиока. Државниот завод за ревизија сосема праведно и навреме го информирал јанвиот обвинител.

Според тоа, уште еднаш потврдувам дека законите ни се тие кои што ги рушат нормите, туку луѓето кои што ги прават тие незаконски работи. Доколку вие имате такви сознанија, ве молам, јас сум на ваша страна истите да ги спроведете во вид на пријави при министерствата и во јавното обвинителство. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам.

Почитувана колешке ако навистина сте на моја страна очекувам поддршка на амандманот да напрвиме независен орган кој што ќе биде во функција на танспарентност на оваа постапка. Навистина ова го спомнав како пример го спомнав самитот иако имаше доволно време во кое што можеби не на најсоодветен начин беше искористено за да се спроведат сите овие законски постапки. Ама, нели ви е малку симптоматично од 13 тендери, 11 се склучени со непосредни согодби, од не знам кои причини, и на крај сите овие набавки пак да се извршат фирми кои што се од Република Македонија, од домашни фирми. Сето ова говори за нешто друго.

Иако искрено сакате да ме поддржите во таа борба за спречување на вакви недоследности, јас не говорам за амнестија на некои луѓе кои што седат и во овој момент во Владата и или за некои кои што седеле во минатата или во предминатата Влада. Меѓутоа, еднаш за секогаш ќе мора да имаме норми, по кои што ќе функционира државата. Само на тој начин, значи спроведувањето на законот не може да го обезбеди никој друг освен оној што е во моментот на власт. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Благодарам господин потпретседателе.

Жалам што амандманот не се прифати од страна на претставникот на Владата, но не прифаќањето на амандманот само потврдува еден факт кој што јас го спомнав уште во моето првично обраќање по однос на текстот на овој закон за јавни набавки, а тоа е дека воопшто не држат образложените причини од страна на Владата дека овој закон е антикорупциски закон.

Владата со објаснувањето на причините навистина настојуваше по не знам кој пат како и за многу други прописи барем и според постапката на која што беше понуден овде во Парламентот да не доведе во ситуација или сте за законот или ако не сте, сте против Европската унија заради тоа што овој закон значи усогласување со законодавството на Европската унија. Јас ќе повторам уште еднаш, овој закон е направен само формално да значи усогласување со законодавството на Европската унија, тоа

значи прифаќање на оние препораки и дирктиви што задолжително мора да ги прифати, значи да се хармонизира нашето законодавство, со законодавството на Европската унија, меѓутоа, не е во духот на интенциите на тие директиви и во духот на јакнење на антикоруптивноста, еве ако може така да кажам, и во однос на зајакнување на позициите на Бирото за јавни набавки.

Ние и до сега имавме закон, тој закон и денес е позитивен пропис, Законот за јавни набвки иако навистина искрено Владата имаше желба да направи нешто ново и навистина да внесе одредби кои ќе имаат антикорупциско значење, тогаш тоа немаше да го направи со оваа одредба од членот 12 на која што ние со овој амандман интервениравме или бараме поддршка од колегите пратеници од мнозинството да не поддржат бидејќи со тоа што се предлага во овој текст апсолутно нема никаква антикоруптивност.

И наместо да се лоцираат проблемите во досегашната примена на законот, таму каде што остојат тесни грла, таму каде што има некои работи кои што треба да се отстранат, напротив, тие сега се продлабочуваат не само што остануваат исти, се продлабочуваат уште повеќе. И наместо Бирото за јавни набавки кое функционира во рамките на Министерството за финансии, значи орган во состав на Министерството за финансии, да ја јакне својата независна улога наспроти Владата, бидејќи, факт е дека како орган во состав на одредено Министерство има ограниничување во својата работа од страна на самото Министерство за финансии. Иако тие проблеми до сег беа лоцирани и наместо тие проблеми да се настојува со овој текст на законот да се надминат, имаме стоење во месето во однос на пва напредување на самостојноста на бирото за јавни набавки и нестоење во место, туку враќање на назад и сведување на буквално евидентичар. Значи, Бирото за јавни набавки со новиот закон ги губи оние надлежности што ги имаше, а тоа е давање одобрувања за непосредни спогодувања во случај кога за тоа постојат оправдани причини согласно законот, но подноспителот на барањето за овие согласности мораше добро да ги образложи прижините поради кои се бара, зошто постои итност кои се другите причини поради кои што се бара забрзување на постапките за јавни набавки, односно јавни набавки без тендер.

Сега таква улога нема Бирото, Бирото само ќе ги евидентира јавните набавки, ќе иницира предлози за донесување на закони, значи едноставно ќе ја следи проблематиката, меѓутоа, нема да има никаква надлежност. И, заради тоа што сметаме дека ваквите дигнирања на надлежностите не се во интерес на Република Македонија, не се ни во интерес на органите доколку сакаат навистина да го спроведуваат законот антикорупциски, меѓутоа тука се продлабочува нашето сомневање дека Владата едно прави, а друго зборува. Зборува дека е антикорупциска Влада, зборува дека е Влада што презема и носи прописи, односно предлага прописи, кои имаат антикорупциски карактер, но во пракса имаме сосема нешто друго и навистина тука се потврдува дека Владата на двоен начин постапува дефакто, а сосема различно преку јавните настапи во Мери Младеновска Ѓорѓиевска медиумите, преку платените кампањи итн. заради тоа што наместо Бирото за јавни набавки да го претвори во самостоен орган кој нема да биде зависен од Владата на начин како што е и досега, ниту од Министерството за финансии, и ќе биде орган кој ќе ги следи остапките за јавни набавки, сега го сведува Бирото за јавни набавки на фризирање, обработување и анализирање на податоците за јавни набавки, утврдување минимални услови за професионални квалификации, организирање обука за едукација на службениците итн. итн. Зачи многу надлежности, меѓутоа, не надлежности кои имаат антикорупциски карактер, туку напротив надлежности кои значат евиденција.

За да го подобриме текстот на законот и за да внесеме одредби кои што би имале значење на антикорупциски, затоа предлогот на овој амандман од страна на колегите кои што го имаат поднесено, а и ние што ги поддржуваме е Бирото за јавни набавки да се дефинира како државен орган кое самостојно својата работа и кој има својство на правно лице, да има стручна служба, вработените да имаат статус на државни службеници согласно законот за државни службеници и да се финансира од Буџетот на Република Македонија.

Сметаме дека ваквото дефинирање на Бирото за јавни набавки ќе ги задржи надлежностите што ги има до сега, меѓутоа ќе влијае многу повеќе на планот на преземање на мерки и активности кои значат воведување ред во работата од страна на државните органи.

Неприфаќањето на амандманот значи задржување на онаа позиција, за која што пред малку зборував, на Бирото за јавни набавки, како што ја дефинирате во овој Предлог закон за јавни набавки, а тоа значи дека во случај кога треба да се отстапи од редовните постапки за јавни набавки со распишување на тендер тогаш согласности нема да дава Бирото за јавни набавки бидејќи нема таква надлежност согласно овој закон и ова право ќе го имаат сите оние кои одлучуваат за самата јавна набавка. Значи функционерите што раководат во министерствата, во другите органи на управа, управни организации и тн., значи сите оние кои подлежат на овој закон и кои во постапките за јавни набавки треба да го применуваат Законот за јавни набавки.

Тогаш за каков антикорупциски закон зборуваме. Значи, нема да има потреба ниту членовите на Владата ниту други функционери некому да му ја образложуваат потребата од итност или пак други причини когапостојат за јавни набавки со непосредно спогодување, туку сами ќе си одлучуваат дали треба непосредно да склучат договор или не. И, на што тогаш ќе се сведе

законот. Верувајте, јас сум убедена во тоа, дека во најголем процент од случаите овој закон за јавни набавки ќе се сведе поради ваквите одредби на јавно набавување без тендерска постапка, затоа што никој нема да има можност да ја следи таа постапка како што досега тоа го прави Бирото за јавни набавки со давање или недавање согласност на барање на тие што се заинтересирани да спроведуваат постапки со непосредно спогодување.

За каква етика тогаш зборуваме од страна на Функционерите, од страна на сегашните членови на Владата. Значи, за еден морал кој е под наводници за двојни аршини, за двојни критериуми, со што имаме можност секојдневно да се соочуваме со различно толкување и на законите и различен начин за превземање мерки во зависност од тоа дали станува збор за функционери на некоја претходна Влада или пак станува збор за членови за сегашната Влада или пак некои други функционери што се избрани, односно именувани од страна на Владата или пак мнозинството во Парламентот.

Мислам дека тоа е најмалку интерес на Република Македонија и навистина треба отворено барем да кажете ако имате други мотиви тие се видливи за нас, мислам сите оние кои го читале законот јасно им е што се крие зад самиот текст, мислам дека ќе дојде време кога ова ќе го осознае пошироко македонската влада бидејќи од постапките кои што ги правите во пракса со јавните набавки што ги спроведува Владата и нејзини органи се покажуваат тие двојни аршини и отстапувања од декалирараните заложби. Без оглед што сметам дека мнозинството навистина не може да отстапува многу од гласањето од она што го има добиено како партиска директива односно како сатав на Владата бидејќи Владата го диктира и темпото на работа овде во Парламентот и не само во однос на самите дневни редови на седниците туку во однос на тоа кога ќе заврши седницата, дали ќе се одложи, па која седница ќе продолжи, значи буквално е Парламентот зависен во својата работа од страна на Владата, сепак уште еднаш апелирам до колегите бидејќи верувам дека би требало како пратаници да бидеме заинтересирани за јакнење на антикорупциските мерки што се во интерес на Република Македонија и граѓаните на Република Македонија сметам дека е добро да подржиме амандмани и други предлози кои што значат јакнење на овие мерки, а сметам дека токму овој амандман кој го овозможува Бирото за јавни набавки да ја зајакне својата позиција во хиреархијата на државните институции дека е амандман кој е вреден за подршка, затоа што од неговото прифаќање или неприфаќање понатаму зависат многу други одредби од самиот текст на законот.

Јас овде ќе завршам уште еднаш на крај со апел до колегите да го подржат овој амандман дека сметам дека заслужува подршка. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Младеновска-Ѓорѓиевска.

Има збор госпоѓа Благородна Цветковска, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам потпретседателе.

Денеска имаме многу сериозна задача пред нас, бидејќи се работи за сериозен закон, Предлог закон за јавни набавки, затоа и не случајно се поднесени повеќе амандмани од страна на опозицијата. Зошто ги поднесовме? Затоа што постојат многу недоречености во предлог на текстот на самиот закон.

Добар на хартија, но на дело како ќе се применува тоа е знак прашалник, бидејќи со овој закон верувајте дека ќе има многу голема злоупотреба. Каква ќе биде имплементацијата на законот. Или ќе биде примена со злоупотреба, затоа и овие амандмани се дадени со цел да се подобри текстот на Предлог законот и за поголема транспарентност. Чудно ми е вака заменик министерот не ги прифаќа овие амандмани што навистина даваат поголема транспарентност поголема чистина и поголема јасност. Чисти пред себе, чисти пред граѓаните, а има ли нешто поубаво од тоа. Јас не би премногу навлегувала затоа што моите почитувани колеги пратеници од опозицијата навистина многу исцрпно дискутираа и по предлог законот за јавни набавки и сега по самите амандмани посебно на овој амандман,да не се повторуваме во дискусиите.

Овој амандман го поднесовме за да не ни се сучуваат злоупотреби токму околу овие тендери кои секогаш се предмет на дискусии меѓу граѓаните, меѓу народот и во сите министерства, па дали се работи за здравство, образование, дали се работи за набавка на струја во 4 очи, после случување на она корупциска афера со продажбата на ТЕЦ "Неготино", или тајното издавање на ХЕЦ "Тиквеш" на 70 години, кога дојде и скандалозниот предлог за измени на законот за јавните набавки. Сакале или не сакале да признаете оттука и потекна и самата измена.

Тоа очигледно се прави со новиот директор на МЕПСО кој е близок на фамилијата да може да набавува струја во 4 очи, бизнис повеќе од 100 милиони евра годишно. Ние почитувани пратеници не сме подготвени за либерализација на пазарот на струја. Тоа го потврди и самиот консултант Халтон и Вилијамс што ги ангажирала Владата со пари, но чии? На народот, на граѓаните на Република Македонија. Со овој амандман се предлага во членот 12 Бирото за јавни набавки да е државен орган самостоен во својата работа и да има својство на правно лице.

Бирото за јавни набавки да има стручна служба.

Вработените во стручната служба да имаат статус на државни службеници согласно Законот за државни службеници.

Бирото за јавни набавки се финансира од Буџетот на Република Македонија.

Мислам дека подобро би било, затоа што ќе имаме директна контрола на јавните набавки.

Тоа централно тело кое ќе биде формирано ќе врши односно ќе има поголема моќ, а кога имаш моќ ќе имаш и поголема одговорност. Во тој случај ќе биде и погоелам транспарентност по своето работење.

Овде се предвидуваат зголемени прагови за јавни набавки каде верувајте дека ќе има и големи злоупотреби. Штом месечна набавка е од 500 евра замислете што понатаму со јавните набавки и тендерите.

Постои голем простор на субјективност и на злоупотреби. Тендри во 4 очи не се случуваат никогаш и за јавни набавки.

Сметам дека овој амандман е издржан и верувам дека ќе биде подржан од пратениците кои се бирани од граѓаните на Република Македонија. Покажете колку се грижите почитувани пратеници за нив, за своите бирачи, за граѓаните на оваа земја. Ова е вистинскиот потег да одговориме сите ние чии пари трошиме, дали тоа се пари на граѓаните со кои го полниме Буџетот. Затоа верувам сега сите, без разлика кој каде припаѓа, дали на владеачкото мнозинство или на опозицијата да го подржиме овој амандман бидејќи се работи во интерес на народот, за доброто на народот и за поголема транспарентност и отчетност и поголема транспарентност бидејќи тоа се пари на граѓаните на оваа мала македонска земја.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор пратеникот Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседателе.

Нормално е овој амандман да предизвика ваква расправа и очекував и колегите од парламентарното мнозинство исто така да обрне внимание зошто се поднесува овој амандман и што вскушност се сака да се измени со однесувањето на овој амандман.

Донесуваме закон за јавни набавки. Јавните набавки сите знаеме без посебна дефиниција стручно да се искаже, со кратки зборови ова е закон за трошење на народните пари, затоа што сите знаат што значат јавни набавки.

Ако е овој закон за трошење на народните пари, јас мислам дека треба да имаме сериозни механизми кои што ќе спречат злоупотреба на нивното користење.

Читајќи ги понудените решенија на овој закон, а особено статусот и улогата, позицијата на Бирото за јавни набавки, кое што процент со овој закон и го основаме, јас како човек и како правник сметам дека навистина со овој закон, ние немаме вградено со овој закон, или според позицијата со која што е уредена на Бирото за јавни набавки со овој закон, за мене не нуди доволно механизам или нема механизми за заштита од злоупотреба на користењето на јавните пари.

Прво, би сакала да поставам прашања до заменикот министер и поверениците од ресорното министерство, бидејќи овој закон е навистина многу чуствителен и во земјите кога се носат вакви закони има бурни дебати, можеби и по повеќе денови, секако и комисиски јас би сакала само да прашам бидејќи ние имаме една обврска плус овој закон да биде усогласен со АКИТ, или да имаме согласност со Европската комисија, прашањето би било дали драф верзијата на овој закон е испратена до Европската комисија и дали имате некакво мислење, позитивно или негативно или какво било на законот, затоа што од одредбите од овој закон многу зависи каде и како ќе биде гледано врз нашата држава, врз позициите и секако внатре во односите.

Јас би сакала до крајот на расправата по овој закон ние како пратеници од опозицијата, може и од пратениците од позицијата имаат, но би сакала да имам некакво мислење за овој закон од Европската комисија.

Што бараме со овој амандман и зошто ние како пратеници од опозицијата односно позицијата дебатираме волку и што сакаме да промениме со овој амандман.

Прво, заради јавноста сакам да објаснам дека со членот 12, на кој што имаме ние како пратеници од опозицијата амандман се предлага основање на Биро за јавни набавки.

Бирото за јавни набавки се оснива во состав на Министерството за финансии како огран на државната управа.

Целта заради која се формира вакво Биро е рационалност, ефикасност и транспарентност во спроведувањето на јавните набавки.

Ако јавните набавки значат трошење на јавните пари, ако субјекти во договорите за јавни набавки се државнит органи, Владата, општините, Градо Скопје, а најмногу пред се, Владата и државните органи, за каква транспарентност, ефикасност и рационалност во користењето на државните средства ќе зборувме од страна на Владата ако ова Бирото за јавни набавки, кое што сега го основаме биде во состав на Министерството за финансии, кое што е дел од Владата на Република Македонија.

Според мене ако навистина Владата сериозно се одлучила да стави крај со криминалот и корупцијата, а криминалот и корупцијата секогаш лежел, лежи и денеска за жал, и ќе лежи ако е вака во користењето на јавните пари, јас мислам дека најдобар начин да покаже Владата дека навистина се залага за борба, ама сериозна, не селективна против корупцијата и криминалот, ако се одлучи Бирото за јавни набавки или телото кое што ќе ги контролира јавните набавки и ќе гарантира рационалност, ефикасност, транспарентност, правичност и законитост, да биде самостоен државен орган кој што ќе го бира Собранието на Република Македонија и дотолку повеќе бидејќи Владата е таа која што претежен дел од догоровите за јавни набавки, една од договорните страни директорот на Бирото за јавни набавки да биде избиран од Собранието на предлог на опозцијата. Затоа што, јавни набавки

или договори за склучување на јавни набавки не може да склучува опозицијата, туку тоа секогаш ќе го прави владеачкото мнозинство или оние носители на јавни функции кои што се поставени во Владата, во државните органи каде што ќе се склучуваат договори, кои што се претставници на владеачкото мнозинство и каде што ќе се случуваат ваквите договори за јавните набавки.

Во спротивно ваквото решение како што сега ни е понудено не нуди сигурност дека ова Биро за јавни набавки ќе биде навистина или ќе гарантира навистина рационалност, ефикасност, транспарентност и законитост во јавните набавки.

Јас со особено внимане го погледав и членот 14 каде што се уредени надлежностите на Бирото за јавни набавки и практично јас и не знам дури зошти се формира вакво Биро. Ако му ги видиме надлежностите практично ова Биро за јавни набавки е како да ги следи само јавните набавки и да поднесува годишен извештај до Владата за активностите, ако се изземе дека иницира донесување на закони, колку ќе иницира по примерот на Изборниот законик каде што и на ДИК беше една од првите надлежности да иницира промена на закони, па не беше ни консултирана, колку тие надлежности ќе бидат спазувани, тоа е друга работа, меѓутоа да се бара од Бирото за јавни набавки целта заради која што се формира, ефикасност и рационалност и на крајот да биде првата брана против корупцијата и криминалот, а да му се дадат вакви, дури и наративни надлежности, мислам дека ние со вакво решение за Бирото за јавни набавки и со ваква позиција, со ваков став за Бирото за јавни набавки нема да ја постигнеме целта која што треба да се постигне со Закон за јавните набавки освен ако навистина се сака само проформа да имаме орган, а тој орган практично да нема надлежности, да не функционира и пофторно Владата да е алфа и омега во јавните набавки што ќе рече дека, ако го разлистаме подобро законот ќе видиме дека Владата ќе утврдува индикативен список на договорни страни, понатаму Владата ќе заклучува договори, Владата ќе одредува ова, Владата ќе одредува она и на крајот Владата ќе се контролира самата себе си преку Бирото за јавни набавки.

Јас бидејќи ги гледам претставниците на Министерството сигурно соработичката на заменикот министер му сугерира дека така е, но имаме и Државна комисија, но Државната комисија е орган кој што е поставен во државата. Значи што е целта на опозицијата?

Соработничката на заменикот министер му сугерира дека така е, но имаме и државна комисија, но државната комисија е орган кој што ќе постапува по жалби. Значи, што е целта на опозицијата? Целта на опозицијата со поднесување на овој амандман е да не стигнуваме до жалби. Да не се обременува, да не се оддолговлекува постапката. Значи, уште во стартот да имаме независен орган, независно тело кое што постојано ќе го следи трошењето на народните пари уште од моментот на распишувањето на огласот или  конкурсот за јавна набавка. Вака, простете, јас мислам дека и колегите кои што го поднеле овој амандман, навистина практично ние, практично, формираме орган, кој што можеби ќе ги задоволи некаде на некое место каде што ќе го испратиме и ни треба мислење, но верувајте дека ќе го откријат експертите ова дека навистина ова биро за јавни набавки ќе фигурира само проформа. Тоа, ниту статусот, ниту положбата која што сега му ја нудиме со овој закон, не ќе може да му понуди или да му даде мегдан на работа, затоа што прво ја нема самостојноста, ќе биде од директна ингеренција на министерот за финансии, често пати и Министерството за финансии ќе се најде во улога или Владата, Министерството преку Владата во улога на една од договорните страни. Практично, ќе се случи, сама себе Владата или Министерството да си врши контрола на јавната набавка.

Затоа, барам пратениците да размислат дека со претставникот на предлагачот овој амандман, кој што го поднеле група пратеници од опозицијата, од СДСМ да биде навистина прифатен, не како амандман од опозицијата, туку амандман кој што ќе ја подобри, ќе ја зајакне позицијата на Бирото за јавни набавки, а да ја зајакне не само со една единствена цел, да се трошат народните пари, според намените заради кои што ова Собрание, донесувајќи го Буџетот ги утврдило, па со прифаќањето на овој амандман, дефинитивно навистина ќе покажете дека Владата се одлучила за беспоштедна борба против криминалот и корупцијата, а вака останува дека навистина ние само популистички делуваме, не кажуваме дека се бориме против криминалот и корупцијата, дека правиме нешто во суштина, а сите законски решенија и законите кои што ги носиме постојано и постојано решенијата ни нудат мали или поголеми врати за корупција и за коруптивно делување. Решението од членот 12 од Законот според мене е тоа, па затоа барам и молам пратениците од владеачкото мнозинство навистина сериозно да погледнат за што зборуваме и да гласаат за овој амандман. Во спротивно, ќе сметаме дека сето она што секојдневно се пласира во јавноста дека сме против корупцијата, не е навистина така. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Иванова.

Има збор госпоѓица Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Да бидам искрена, очекував заменик минситерот за финансии, освен во улога на нем посматрач на дискусиите од страна на пратениците, да даде барем некои објаснувања, а и контра аргументи кои што ги изнесовме до сега, заради тоа што станува збор за прилично сериозен закон, за прилично сериозен амандман, кој што е еден од клучните амандмани за подобрување на текстот на законот за јавни набавки и во крајна линија е

еден од клучните за законско регулирање на можноста за спречување на злоупотреба на јавните набавки и во таа смисла злоупотреба на службената должност од страна на функционерите во власта. Меѓутоа, за мене е неразбирливо зошто заменик министерот се одлучи на варијантата молчење, заради тоа што мислам дека најнапред во интерес на владеачкото мнозинство е да се расчисти, да се произнесе Владата зошто не ги почитува укажувањата на меѓународните експерти за независност на институцијата Биро за јавни набавки, заради тоа што би требало да има, претпоставувам, прилично сериозни аргументи за неприфаќање на овој амандман, кои ќе одат во интерес на Република Македонија. Пред се, заради тоа што едена од главните забелешки е борбата против корупцијата и организираниот криминал, па мислам дека не треба да се создава само параван на декларативна борба против корупцијата, а од друга страна да се овозможуваат и да се провлекуваат законски решенија, кои што напротив одат во прилог на Владата, во прилог на можностите, Владата да ги злоупотребува буџетските средства, како што беше случајот со членот во Законот за извршување на Буџетот со кој што се овозможи плаќање на функционерите кои што живееле во странство, сега се фунционери во Република Македонија. Денес се плаќа за одржување на нивниот имот во странство. И, тогаш заменик министерот не знаеше дека постои таков член во законот, и тогаш заменик министерот не сакаше да ги прифати и владеачкото мнозинство не сакаше да ги прифати укажувањата од пратениците од опозицијата дека тоа решение не е добро и не е во интерес на граѓаните на Република Македонија. За жал, и сега Владата и владеачкото мнозинство не сака да прифати дека со амандманот со кој што ќе се овозможи Бирото за јавни набавки да биде самостојно во својата работа и да има својство на правно лице, оди само во насока на подобрување и на зголемување на контролата на вршењето на јавните набавки од страна на Владата. Бидејќи, гледам дека заменик министерот е јавен, јас би прекинала тука за да го слушнам неговото образложение, а подоцна ќе продолжам со мојата дискусија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Потпретседателе, бидејќи бев прозван на неколку пати од пратеничката, јас би сакал да го кажам следното. Ова што беше изложено претходно, прво, воопшто не е точно. Беше изложено дека бирото за јавни набавки сега го формираме, па се шпекулираше дали да го формираме како независен орган или како орган во состав на Министерството за финансии. Јас сакам, бидејќи ме прозва да одговорам дека Бирото за јавни набавки постои од јуни 2005 година. Ова, почитуван пратеник не е нешто ново што сега го формираме со овој закон. Е, сега, јас премолчив, затоа што што одговор да ви дадам на вакви неточности кои што вие ги кажувате. Јас не знам каков одговор да ви дадам. Ако ме прашавте нешто конкретно, ќе ви одговорев конкретно. Вие изнесовте тука неточности еден куп и сакате одговор, каков одговор да ви дадам. На кој начин да ви се одговори. Што повеќе да ви кажам. Бирото за јавни набавки постои од 2005 година. Вие ја однесовте водата во сосема погрешна насока. Кажувате тука дека сега го формираме Бирото за јавни набавки, па треба да се види претходниот закон, видете го и постојниот закон, видете го и новиот закон и видете што е направено. Благодарам.

**Бесим Догани:** Блгодарам господине заменик минситер.

Реплика има госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван заменик министер, јас сум убеден дека имате сериозна причина да бидете волку нервозен, заради тоа што вашата реакција само ми дава за право да констатирам дека вие немате одговор на прашањето зошто сте против прифаќањето на амандман со кој што се овозможува Бирото за јавни набавки да има независна позиција и да биде самостоен орган кој што ќе одлучува за јавните набавки. Вие на тоа немате одговор. Исто како и во претходниот случај за законот за извршување на Буџетот кога ја браневте можноста да им се плаќа со парите на граѓаните оддржување на имотот на функционерите, кои што до пред да станат функционери живееле во странство, исто и сега на ист начин се обидувате со дефокусирање на расправата и со непостоечки аргументи да не дадете одговор на прашањето зошто на Владата и смета независно биро за јавни набавки. Ние не зборуваме за формирање на бирото. Да ве корегирам, туку зборуваме за биро за јавни набавки кој ќе биде самостоен орган. На што вие со неприфаќањето на амандманот се спротивставувате. Јас ве прашувам зошто се спротивставувате, зошто на Владата и пречи самостоен и независен орган кој ќе ги спроведува јавните набавки, во чија улога ќе биде бирото за јавни набавки. Јас не можам да најдам друг аргумент освен тоа дека Владата не сака, има само декларативна борба против корупцијата и дека сака да си овозможи законски решенија кои ќе и дозволат да ги злоупотребува средствата на граѓаните, како што прави со кампањите кои што во моментот сеуште траат, во изминативе 15 дена, не транспарентни кампањи, за кои што не сака да даде одговор, ниту колку средства чинат, на кои тендери се добиени, со колку средства итн., нешто што со самостојна и независна позиција на бирото за јавни набавки, не би можела да си го дозволи. И, вие на тоа немате одговор, освен се разбира да ме навредувате и да ме напаѓате без никакви причини.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоојице Грковска.

Госпоѓа Дулиќ има реплика кон говорот на госпоѓица Грковска, повелете.

**Благородна Дулиќ:** Благодарам господине потпретседателе.

Два часа се дискутира или повеќе од два часа се дискутира од сите присутни што беа тука членови на опозиционата партија СДСМ, во кои што се жали и се кука под можноста за евентуални злоупотреби при јавните набавки. Не беа така гласни при постоење на ваков закон кога нивната Влада сите набавки ги правеше во 4 очи.

Според тоа, дали сметаат дека ние не ги сфаќаме во што е работата. Работата не е во законот. Работата е во губење на време, за да се прикаже дека Собранието е неспособно да ја обавува својата функција во носење на законите. Тоа е единствен начин да го опструираат Собранието и работата на Собранието. Тоа, сметам дека засега успешно го чинат, но и сметам дека и меѓународнот фактор ова го гледа и ќе знае да го цени на соодветен начин.

Она што сите само го повторуваат како папагали, без да изнесат било каков аргумент (реакција на опозицијата), о, да не сте навредени. Се извинувам ако се осеќаат навредени, папагалот е една племенита птица. Ве молам, дозволете да завршам, сметаат ли дека ние толку не можеме да сфатиме во два саати за еден ист амандман и едни исти аргументи да се изведуваат, наместо ако навистина мислат добро на оваа држава, она што го мислат да го кажат јасно и гласно во одредено време, а не сите нас да не држат заложници овде, а еден по еден како што ќе ја кажат својата дискусија излегуваат надвор, за да не може да се создаде кворум за гласање. Сметам дека ова е неопростиво однесување на опозицијата. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник госпоѓица Грковска Славица, повелете.

**Славица Грковска:** Да бидам искрена, не очекувам госпоѓата Дулиќ, доколку разговараме и една недела да разбере, заради тоа што е потполно незаинтересирана. Не чита закони, не пишува амандмани и сосема поинаку ја сфаќа улогата на пратеник и на Собранието. Главни дебати, најголемите дебати во сите парламенти се водат за одредени законски решенија, се водат точно на седниците и на комисиите и на пленарните седници. Меѓу другото, особено и за вакви закони кои што можат да имаат сериозно импликации, меѓу другото и за имиџот на државата. Меѓутоа, вие тоа не можете да го разберете. Она што госпоѓата Дулиќ сега го направи е само продолжеток на политиката која што ВМРО ДПМНЕ ја има изминатава година, а тоа е кога нема аргументи, тогаш дајте лично ќе ги навредиме пратениците, ќе им измислиме некаква афера и на тој начин ќе се обидеме да ја заташкаме реалноста, а реалноста е дека од 13 спроведени јавни набавки, 11 се со непосредна спогодба. Меѓутоа, тоа госпооѓата Дулиќ не ја загрижува.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика пратеник господин Трајанов Павле.

**Павле Трајанов:** Накусо само. Мислам дека се води мошне исцрпна дискусија околу тоа, околу позицијата на Бирото за јавни набавки. Ќе се сложам дека треба да се расправа за тоа, меѓутоа, ако парламентот кој што согласно Уставот и законите има одговорност да го носи само Буџетот, а политичката контрола на Владата да ја врши на сосема друг начин, моја проценка и мој став е дека ако ние сега инсистираме Парламентот директно да се вклучи во јавните набавки или да одлучува некое тело кое што ќе биде под директна контрола, тогаш преземаме ингеренции од извршната власт. Мислам дека треба да се направи една анализа, една споредбена анализа како е тоа решено во другите држави.

Инаку, јас имам свое мислење околу јавните набавки. Јавните набавки или јавниот тендер е само изместување на одговорноста од оној што фактички одлучува да ја носи одлуката некаква комисија или како сега што велиме, па уште еве со некаков повисок степен на самостоен орган, самостојна институција. За трошењето на Буџетот треба да одговара Владата и нејзините органи и тела и тоа треба да го прави согласно законските прописи.

Формирањето на едно вакво тело надвор од извршната власт, мислам дека Парламентот ќе навлезе токму ќе се вмеша во извршната власт. Затоа, не сум за тоа да се прифати овој амандман без силна аргументација, без споредбени податоци и искуства во другите држави.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник госпоѓица Грковска Славица, повелете.

**Славица Грковска:** Господине Трајанов, да ве прашам, регулаторната комисија за енергетика како независно тело дали претставува проблем во државата и дали Парламентот има контрола врз нејзината работа. Не, напротив, туку е независен орган кој што е креиран во претходниот мандат за да има независна и непристрасна функција во рамките на нејзините ингеренции и да не подпаѓа под никакви влијанија. Токму за тоа бараме Бирото за јавни набавки да има независна функција, заради тоа што ќе покаже, ако сте го прочитале законот дека ќе ги следи и анализира спроведувањето на законот и другите попусти за јавни набавки, функционирањето на системот за јавните набавки иницира и ќе иницира промени за подобрување на системот на јавни набавки, без да се оптоварува со партиската припадност на владеачкото мнозинство. Тоа е целта. Тоа е сериозен потег на држава која што сака да креира имиџ дека е навистина за борба против корупцијата.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник господин Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Значи, неколку пати се случува да не реагирате кога колеги од позицијата, мнозинството, ги навредуваат пратениците, во овој случај колешката Дулиќ ги нарече папагали.

Мислам дека ваша деловничка обврска е да се грижите за редот на седниците, но исто така и да го чувате угледот на Собранието, а не да и дозволувате на колешката Дулиќ во недостиг на никакви аргументи да посегне по навредување кон пратениците мислејќи дека на тој начин ќе одговори на она што нема аргументи да го одговараат по однос на амандманот.

Да и кажам, со секое нејзино јавување во кое таа не обвинува дека ја кочи работата на Собранието, таа ја кочи работата на Парламентот што секое нејзино јавување најмалку по три минути затоа што не дискутира по амандманите, не дискутира аргументирано, туку упорно повторува една иста реченица. Секое нејзино јавување значи кочење на Парламентот и уназадување на работата на Собранието. Мислам дека како една од повозрасните треба да дава пример како треба еден пратеник да работи, а не да не навредува и да не обвинува за нешто што не е вистина. Вие како потпретседател треба да се грижите во овој Парламент да има можност за дебата.

Навистина, не е достојно, не е во ред, некои колеги вака да се однесуваат. Од почит спрема нејзините години ние нема да паднеме на тоа ниво и да ја навредуваме. Меѓутоа, вие треба да се загрижите сериозно кога така не навредуваат нас пратениците. Потоа ќе се чудиме зошто Парламентот имал низок рејтинг. Правиме анкетни комисии да ги испитуваат случувањата во Собранието.

Во однос на дискусиите на заменикот министер, навистина ми е жал, што не се јави заменикот министер кога беше образложението дали го прифаќа или не го прифаќа амандманот, туку се јави во една ситуација кога немаше многу пратеници мислејќи дека на тој начин, исто, без аргументи, ќе ја нападне опозицијата дека не зборува нешто издржано.

Господине заменик министер за финансии не е во ред, кажав и претходно пред да почне амандманската расправа, дека е добро да давате образложенија зошто одреден амандман го прифаќате или не го прифаќате. Потоа ако дискутирате, дискутирајте со факти. Факт е дека вие ја намалувате одговорноста и функциите на Бирото за јавни набавки. Со нашиот амандман се јавивме, сакаме да се дигне нивото на независност на Бирото за јавни набавки. Ниту ќе има некакви пречки, ниту ќе се мешаме во работите на Владата, туку едноставно ќе постои еден орган кој ќе ги контролира сите постапки за јавни набавки. 200 милиони евра се трошат преку јавните набавки. Наша одговорност е да ја дадеме законската рамка тоа да се одвива навистина на еден транспарентен, ефикасен и одговорен начин. А дали и како ќе се спроведува има други ограни, еден од тие органи треба да биде Бирото за јавни набавки и да се грижи за доследно почитување на одредбите од законот и понатаму другите иниститиуции.

Суштински беше амандманот и навистина имаме различни гледања за начинот на јавните набавки и постапките. Добор рече колегата Макрадули дека кога ќе дојде СДСМ на власт ќе ја даде таа независност за Бирото за јавни набавки и тука немаме дилеми. Тоа е дел од препораките и на Европската комисија. Без оглед што вие велите дека не е така. Бирото за јавни набавки е добро во овој момент заради смалување на можностите за корупција, за спроведување на поефикасни рационални јавни набавки да има што понезависна улога од централната власт. Во спротивно навистина јавните набавки и натаму ќе бидат главно место каде можат да се вршат големи злоупотреби. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор господинот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Ќе бидам многу краток, немав намера да се јавам, но бидејќи колешката Дулиќ реагираше односно не навреди нас пратениците од СДСМ дека кочиме и дека овој законодавен дом има низок рејтинг само поради нас, тоа не и е прв пат, туку тоа се повторува во последните 5-6 месеци се јавува како портпарол на ВМРО-ДПМНЕ и не навредува нас пратениците и се грижи многу за рејтингот на Собранието.

Колешке Дулиќ, само тоа ќе ви го кажам. Дали ние кочиме или не, вие најдобро знаете. Пратениците на СДСМ ако не се во оваа сала не можете да поминете ни еден закон затоа што не правите мнозинство. Немате 61 пратеник во оваа сала, туку имате само кога се бира Влада, кога имаме некој важен закон кој саката да помине, само тогаш ги носите пратениците кои никогаш не доаѓаат во оваа сала. Тоа е едната работа.

Друга работа, еве колку Собранието зависи од нас пратениците од мене и од вас. Продолжението на 56-тата седница која и во нормални услови немате мнозинство, а треба да го имате затоа што вие сте власт во оваа држава, претседателот на Собранието има закажано три комисии. Ако сакаме ова Собрание да биде ефикасно, да донесува закони, тогаш треба претседателот на Собранието да закажува седница кога нема комисии, а не имаме три комисии и седница. Како што реков и така нема мнозинство, а на овој начин со закажување на неколку комисии, никако не може да има мнозинство.

Да се навратам на амандманто, не е ништо лошо што го поднесовме, можеби претходните три амандмани за кои имавме малку дискусија, но тешко ги поминавме овие амандмани, бидејќи немаше кворум за гласање колешке Дулиќ. Да сметаме дека овој амандман е еден од посуштинските кои можат да придонесат за

промена на текстот на законот затоа се јавивме ние пратениците од СДСМ.

Како што знаете денеска почнавме да работиме од 15,15 часот не е наша вина, вината што почнавме во 15,15 часот е ваша, на парламентарното мнозинство, на претседателот на Собранието. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Да продолжам со својата дискусија, со оглед на тоа што му дадов можност на заменик министерот да каже кои се причините што за Владата е неприфатливо Бирото за јавни набавки да има независна функција, меѓутоа, за жал, освен навреди не слушнавме ништо, што за нас не е ништо ново, пак ќе повторам, уште помалку не е ново што пратеници во овој состав кои порано биле на позиции кога ја кочеле демократијата во Република Македонија со тоа што ги фалсификувале претседателските избори за да можат да си обезбедат пратенички мандати, вработување на синот на Царина, нормално е ...

**Иван Анастасовски:** Ве молам држете се за амандманот. Предолго сме надвор од темата, колеги, ве молам не коментирајте. Држете се за амандманот, предолго сте надвор од амандманот.

**Славица Грковска:** Треба да бидете непристрасен и вашата забелешка сега ќе ја сфатев сериозно доколку ве видов да реагирате и да забележите на госпоѓата Дулиќ за нејзиниот настап. Заради вашата политика на Претседателството на господинот Љубиша Георгиевски, вашата и на господинот Догани ние дојдовме до ситуација после 13 месеци таквото практицирање на власта во овој парламентарен дом да продуцира негативна атмосфера во Собранието на Република Македонија заради тоа што се должи на навреди кои континуирано...

**Иван Анастасовски:** Ве молам колеги не провоцирајте, вие држете се за амандманот, а за рејтингот на Собранието не се секирајте.

**Славица Грковска:** Значи, Владата на ВМРО-ДПМНЕ, парламентарното мнозинство, првиот ред од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ која беше носител на листите на изборите во 2006 година им ветуваше на граѓаните, меѓу другото, дека Владата на ВМРО-ДПМНЕ нема да ја користи непосредна спогодба како основен инструмент за продажба на државен имот, за секоја зделка и за секој случај. Дека тоа ќе се прави исклучиво преку отворени меѓународни тендери, во законот ќе бидат оставени само неколку можности за директна спогодба кога во земјата со грин-филд инвестиции влегуваат мултинационални компании од типот на СОНИ, Филипс, Фолксваген, Фијат итн.

Денес сме сведоци кога по година дена вешто пректицирање на Владата на ВМРО-ДПМНЕ од 13 јавни набавки, 11 да бидат со непосредна спогодба. Јас се прашуваме зошто премиерот Груевски заедно со целата Влада не излезе на колективна прес-конференција да објасни зошто го прекршува ова ветување кое е дадено на граѓаните во текот на изборната кампања, зошто ја доведува Република Македонија во ситуација да се правда и практично да дава аргументи за злоупотреба на јавните набавки на средствата на граѓаните од Буџетот заради нетранспарентност, заради нетранспарентно трошење на парите од граѓаните само за обезбедување на лична корист и бенефит на премиерот Груевски и неговото друштво.

Затоа очекувам сериозна аргументација од заменик министерот за финансии зошто на Владата, зошто на ВМРО-ДПМНЕ му пречи независност на Бирото за јавни набавки. Кој се плаши од независно спроведување на тендерските постапки? Дали независната позиција на Бирото во функција на следење и анализирање на спроведување на Закон за јавните набавки, функционирање на системот за јавни набавки и иницирање на промени за подобрување на системот за јавни набавки некому му пречи да остане без контрола од страна на владеачкото мнозинство.

Почитуван заменик министре, доколку држите до себе и до својата функција мора да одговорите. Со оглед на тоа што како Влада дадовте сериозни аргументи да се сомневаме дека ваквата тенденција на владеачкото мнозинство е неприфаќањето на овој амандман, необезбедувањето на независност на Бирото за јавни набавки практично оди во насока на признавање на Владата на ВМРО-ДПМНЕ и на владеачкото мнозинство дека праксата за непосредни спогодби која ВМРО-ДПМНЕ спротивно на ветувањата кои ги даде во предизборниот период е премногу добра за Груевски и за коалиционите партнери за да можат да дозволат нивна контрола или да можат да дозволат непристрасно спроведување и подобрување на системот за јавни набавки.

Затоа сме сега во ситуација кога министерот за економија не сака да потпише договор добиен на тендер во кој само заради тоа што нема доволно податоци и нема доволно документи во текот на тендерската постапка е подложена на силен притисок да го потпише случајот ХАЧ само за да може да обезбеди одредени бенефити на други луѓе блиски до премиерот Груевски кои сакаат да не бидат директно одговорни со тоа што одбиваат да го потпишат тој тендер, да не бидат директно одговорни за нетранспарентно и неправилно спроведување на тендерската постапка и заради тоа господиниот Ставрески не сака да го потпише овој договор заради тоа што е свесен дека ќе одговара оној што ќе го направи тоа и токму заради тоа е големиот притисок кон министерката за економија.

Она што ние го гледаме во изминатата година дена е само параван во борбата против корупцијата и организираниот криминал, само

параван на наводното “транспарентно работење” на Владата заради тоа што се се сведува во суштина на нетранспарентно работење на Владата, се се сведува на чудно прекинување на јавните набавки со цел јавните набавки да се доведат во ситуација кога Владата наводно нема да има избор и ќе мора да направи непосредни спогодби и на тој начин нетранспарентно да ги троши парите на граѓаните. До сега нема ниту еден одговор од страна на Владата како ги троши парите на граѓаните особено кои се однесуваат на кампањите, за “инвестирајте во Македонија”, за компјутери во училиштата, за фискални сметки итн, да не ги набројувам сега, ги има премногу и премногу средства се одлеваат од парите на граѓаните без да знаат колку средства се излеваат од Буџетот, практично од нивниот џеб и во чии џебови одат.

Со неприфаќањето на амандманот Бирото за јавни набавки да има независна позиција вие практично признавате дека транспарентното одвивање на јавните набавки или залагањето на оваа Влада за транспарентност во работењето, за транспарентно организирање на јавните набавки е само параван зад кој Владата практично реализира криминални дејанија и нетранспарентно ги троши парите на граѓаните.

Доколку, навистина, сериозно, сте го мислеле она што сте го зборувале во предизборната кампања, а тоа е дека ќе направите се за транспарентно работење, дека нема да има непосредни спогодби освен за грин-филд инвестиции, тогаш ќе го подржите овој амандман и ќе докажете дека како парламентарно мнозинство се уште како пратеници кои во кампањата сте го зборувале тоа, се уште држите до тоа да ги исполнувате ветувањата на граѓаните. Во спротивно ова ќе биде милион и првата порака која сте ја ветиле во текот на предизборната кампања, а не сте ја исполниле.

Не може да е случајно тоа што, со оглед на тоа што ова е закон со европско знакче, со оглед на тоа што вие во изминатата година имате “добра пракса” и големо искуство во законите со европско знакче да подметнувате решенија кои немаат никаква врска со европското законодавство, туку напротив, одат во прилог на овозможување на Владата да врши незаконски и криминални дејанија не ме чуди тоа што подметнувате вакви членови кои воопшто не се усогласени со Европската унија.

Затоа ве повикувам, меѓу другото, да кажете зошто во законот кој би требало да биде регулација и транспонирање на директиви на Европската унија во кореспондентната табела дадена позади во законот зошто се опфатени сите членови освен членовите кои се однесуваат на Бирото за јавни набавки.

Дали тоа значи потврда дека Бирото за јавни набавки во земјите членки на Европската унија нема ваков статус како вие што предлагате во законот, туку напротив Бирото за јавни набавки по укажувањата на сите меѓународни експерти, по укажувањата и на домашните експерти има независна позиција и на тој начин претставува гарант дека јавните набавки нема да бидат злоупотребувани од страна на функционерите во Република Македонија.

Очекувам да кажете зошто само овие членови кои што се однесуваат на Бирото за јавни набавки не се дадени во корсподентната табела дека воопшто се усогласени со ЕУ директивите, затоа што не сте. Не можете да имате друг одговор.

Она, за жал што ми преостанува да го заклучам е дека единствено кон што е насочена оваа Влада, ова владеачко мнозинство, за жал и ова парламентарно мнозинство е единствено криење на популистички мерки чии што ефект е никаков и создавање само лажна слика во јавноста дека нешто се работи во име и за добро на граѓаните на Република Македонија, а во суштина единствено што се постигнува со овие законски решенија е практички законско овозможување на одредени функционери да обезбедуваат лична корист.

Јас сакам да апелирам до моите колеги од парламентарното мнозинство бидејќи во неколку наврати до сега од страна на министрите во Владата на Република Македонија слушаме изјави дека не се министрите тие, тие кои што можат да бидат одговорни за законите бидејќи тоа е работа на Собранието. И покрај тоа што сме свесни дека пратениците од Парламентарното мнозинство се изложени на голем притисок токму од страна на истите министри да гласаат за законите онака како што Владата ги предложила и за тоа не поднесуваат амандмани и за тоа не ги ни читаат законите, затоа што единствено што треба е само да гласаат. (Реакција на некои од пратениците во салата) Бидејќи има таква изјава од страна на министрите и ги молам пратениците од парламентарното мнозинство. . .

**Иван Анастасовски:** Ве молам да се вратиме на амандманот.

**Славица Грковска:** Ги молам пратениците од парламентарното мнозинство да ги послушаат препораките на овие министри и конечно да гласаат по сопствено убедување и на тој начин да ја пратат вистинската порака дека Парламентот е местото точно каде што се изјаснуваат законите и дека од пратениците зависи какво законско решение ќе се донесе без разлика на тоа каква е личната желба на Владата и на министрите. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

**Благородна Цветковска:** Барам процедурално до госпоѓата Дулиќ.

**Иван Анастасовски:** Не, процедурално можете до мене, до госпоѓата Дулиќ немате зошто да се обраќата процедурално. До мене да. Повелете ако забележам дека не е во делот на процедурата, ќе ве опоменам. Три минути процедурално пратеник госпоѓа Благородна Цветковска, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам, заменик потпретседателе (смеа во салата) во овој парламентарен дом како највисок законодавен дом во Македонија

**Иван Анастасовски:** Ве молам колеги, се извинувам, колеги. Продолжете да видиме во што е процедурата.

**Благородна Цветковска:** Мерете го времето од почетокот.

**Иван Анастсовски:** Времето се мери, повелете.

**Благородна Цветковска:** Забелешката е до вас (смеа во салата).

**Иван Анастасовски:** Продолжете, Продолжете.

**Благородна Цветковска:** Овој Парламент е висок законодавен дом во Република Македонија во кој се собрани и седат пратеници, за жал, од цела Македонија.(Смеа во салата). Тие се избрани од македонскиот народ, не овде да ги пратат законите, да ги читаат, туку да седат и да бидат обична гласачка машинерија. Вие воопшто на нивните дискусии не забележувате кога тие со навредливи зборови се обраа́каат кон нас, кон опозицијата, со навредливи зборови, папагали, кога зборуваме во интерес за закони, подобрување на текстот на законот за јавни набавки, затоа и неслучајно реков дека не очекував од госпоѓата Дулиќ вака да ни се обрати на нас пратениците, да не нарече тоа што не треба и ја повикувам да излезе на говорница и да се извини пред нас.

**Иван Анастасовски:** Нема зошто нејзе, до мене да видам во што е процедуралното.

**Благородна Цветковска:** Ние опозицијата се што зборуваме зборуваме во интерес на законите и никогаш не сме кочничари на ниеден закон. Што ќе биде без нас, празна сала, каде е мнозинството. Тие шетаат. Погледнете колку се, ниеден закон не можат да донесат ако не сме ние, опозицијата, овде точка, ако ние не проговориме за некој закон. Јас сметав дека тие ќе одлучат да дискутират.

**Иван Анастсовски:** Почитувана колешке, овој дел не е во процедурално.

**Благородна Цветковска:** Или сте нервозни, затоа што прочитаа во МОСТ каде се наоѓаат, кој каде, дека се обична глалсачка машинерија, па сега се чудат што да направат. Да, меѓутоа народот ќе процени. Со вакво смеење дури и не личи на пратеници избрани од народот да седат во клупите овде. Погледнете на што личи, смеење, телефони и весници, а законите воопшто не погледнати. Напади и навреди само овде. Мислам дека вие како заменик потпретседател, вие требаше (смеа во салата), затоа повторив да се насмеете, еве ги кои сте, а се смеат.

**Иван Анастасовски:** Ве молам не се обраќајте према колегите пратеници. Ви благодарам.

Три минути процедурално пратеник, колега, Влатко Серафимов.

**Влатко Серафимов:** Почитуван потпретседателе (смеа во салата) Јас би. . .

**Иван Анастасовски:** Ако може колеги, јас се извинувам, да се сослушаме.

**Влатко Серафимов:** Јас ви зборувам врз основа на членот 58 од Деловникот на Собранието на Република Македонија во кој што се вели: “Претседателот на Собранието со потпретседателите (и првиот пасос) се грижи за остварување на правата на пратениците за обезбедување услови за нивна работа.

Почитуван потпретседателе при репликата на госпоѓата Благородна Дулиќ каде пратениците од Социјалдемократскиот сојуз беа директно навредени вие како претседавач со седницата, не ја прекинавте и не и сугериравте да се држи конкретно по амандманот и дискусијата водена од колешката Славица Грковска. Затоа и оваа тензија која што се крева во Собранието и овој хаос кој што е создаден од страна на позицијата, вие ја имате директната одговорност.

Затоа апелирам во иднина доколку се случат вакви немили настани односно инциденти каде што ќе се наруши редот на Собранието Благовремено да интервенирате. Не би навлегувал во тоа која е и што е госпоѓата Дулиќ, гробарот на демократијата во Република Македонија. (смеа во салата)

**Иван Анастасовски:** Господине Серафимов држете се до процедурата.

**Влатко Серафимов:** И за тоа кога ќе дојде ред за дискусии во кои што ќе бидат навредувани пратениците од опозицијата, ве молам благовремено да реагирате, а најмалку може пратеник од позицијата да ги оквалификува пратениците на Социјалдемократскиот сојуз какви се и што се. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Почитуван колега на вашата забелешка иако беше реално процедурална забелешка, јас можам да ја прифатам одговорноста зошто не ја опоменав, меѓутоа да ја прекинам не. Да ја прекинам не, апсолутно. Меѓутоа, не ве опоменав ни вас кога употребивте еден збор, но тоа оставам на секој поединец од нас и за тоа реков и пред малку наколешката Славица Грковска, затоа толку е и процентот на довербата на граѓаните кон Собранието. Тоа е јас не можам ни било кој нешто да промени. Ви благодарам.

Продолжуваме. Има збор заменик министерот за финансии.

**Предраг Трпески:** Благодарам потпретседателе, ова што беше претходно изнесено јас лично го сметам како непознавање на материјата која што се регулира со овој закон. Зошто ова го велам. Затоа што Бирото за јавни набавки е формирано со закон во 2004 година, почнало да функционира во 2005 година вакво какво што е, вакво какво што е предвидено и во овој закон, значи нема промена. Значи, и тогаш било вакво формирано од Владата на СДСМ и сега е вакво.

Кај лежи непознавањето наматеријата, а се дискутираше многу за тоа.

Непознавањето на материјата лежи во тоа што се мисли дека Бирото за јавни набавки спроведува јавни набавки. Така рековте вие во спроведувањето на јавните набавки. (Реакција на некои од пратениците во салата) Има стенограми ќе се види. Бирото за јавни набавки не спроведува јавна набавка и оттука излегуваат тие дилеми што ги наметнаа претходните дискутанти.

Второ, се бараше членови во директивите на Европската унија како е тоа регулирано. Со директивите на Европската унија не е регулирано какво да биде бирото за јавни набавки. Старите земји членки на Европската унија дури и немаат ваков орган, вакво биро за јавни набавки. Новите членки на Европската унија го имаат ова. Во некои е независно, во некои е орган во состав, а во некои земји е сектор во рамките на Министерството за финанскиии. Со директивите на Европската унија ова е национано прашање оставено да се регулира во националните економии.

И повторно ќе кажам од она се што беше изнесено тоа е класично непознавање на материјата, се измешаа многу работи, се испомеша продажбата на ТЕЦ Неготино која што не може да ја сврстиме под законот за јавни набавки, тоа не подлежи под овој закон. Така да, ако сакате да дискутираме, тогаш да ги погледнеме дирктивите, да видиме кои се решенијата во светот. Да видиме како е тоа решено во најстарите земји членки на Европската унија, па ќе видиме дека нема такво, без оглед на тоа што некој мисли дека има, проверете ќе видите дека нема. И на крај краишта ова е донесено 2004 година имавте можност во претходната Влада имаше измени и дополни на Законот за јавни набавки имаше можност ако сметате дека е исправно вака со таа измена и дополна во 2005 година да го регулирате ова, ова не го направивте. И, не гледам што е страшно што ќе остане вака.

Бирото за јавни набавки по систематизација треба да има два сектори кои што ќе бидат опремени со стручни луѓе и ќе биде доекипирано а не како што беше до 2005 година, и стручно ќе си ја работи својата работа врз основа на закон. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Продолжуваме со реплики по однос на говорот на заменик министерот за финансии, а потоа се враќаме на реплики кои беа по однос на говорот на колешката Грковска.

Прва за реплика, три минути, за колешката Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Господине заменик министер вие упорно одбивате да одговорите на прашањето зошто на Владата и смета независно биро за јавни набавки. Оставете на страна што било до сега, ете не сме го направиле. Вие дојдовте, рековте дека ќе бидете подобри и дека ќе понудите подобри решенија. Не рековте дека нема да оставите ништо непроменето. Кажете зошто и покрај сугестиите на меѓународните експерти, покрај сугестиите на домашните експерти вие одбивате да му дадете независен статус на Бирото за јавни набавки. Зошто одбивате да има независност бирото кое пак ќе го прочитам членот, без разлика, вие колку и да се обидувате да ја завртите водата на друга воденица, зошто одбивате да има независност Бирото кое ќе го следи и анализира спроведувањето на законот и другите прописи за јавни набавки, функционирањето на системот за јавни набавки и кое ќе инициа промени за подобрување на системот за јавни набавки. Зошто не сакате независност на Бирото кое ќе има можност констатираните неправилности од добиените известувања за јавните набавки да ги проследува до договорните органи, а по потреба и надлежните органи. На кого не му одговара ова.

Зошто не ви одговара водење на единствена евиденција на договорите за јавни набавки и нивно ажурирање и објавување на веб страните да ја врши биро кое што ќе биде независно во својата позиција, кое што нема да има партиски влијанија. Зашто не се угледате на Регулаторната комисија за енергетика која што ние во претходниот мандат ја направивме како парламентарно мнозинство независно тело, независен орган кој што е имун на партиски влијанија. И затоа ве молам, да одговорите на ова конкретно прашање кое што ви го поставив неколку пати. Зошто на Владата на Груевски не му одговара независен орган, независно биро за јавни набавки кое ќе ги има ваквите ингеренции. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика, пратеник господин Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпртседателе, кога зборува за непознавање јас малку да го едуцирам заменик министерот за финансии. Македонија напредува во Европската унија со документ што се вика програма за усвојување на правото кон Европската унија, со акционен план за европско партнерство што го потпишуваат Владата на Република Македонија и Советот на министри на Европската комисија. Тука се дефинираат правците за развојот на Република Македонија, не се пишува за личните суети и каприци на министрите и заменици министри. Ова е алфа и омега на патот на Македонија кон Европската унија. Е, тука во тој документ што го усвојува Владата на Република Македонија и минатата и сегашната пишува дека една од среднорочните цели во јакнењето на институциите и среднорочните приоритети е независноста на Бирото за јавни набавки.

Затоа прочитајте си го основниот документ што оваа Република Македонија треба да ја однесе во Европоа, а не тука да се расфрлате со паушални изјави.

Второ, Бирото за јавни набавки има врска со ТЕЦ Неготино бидејќи директорот на Бирото

учествуваше во тендерската комисија и кога резултатот во гласањето на тендерската комисија ќе биде нерешен и те како има врска директорот на Бирото за јавни набавки. Но, за тоа ќе зборуваме во 2010 година. Очигледно за тоа сега нема амбиент.

Да го елиминираме тоа влијание, Европската комисија кажала дека независна институција како што има во околината, ни треба. Ама за жал ние не сакаме. Ние сакаме едно да им зборуваме на европјаните, а друго да правиме во Република Македонија. Сакаме таму да се претставуваме европејци, а тука сакаме со овој закон да воведеме 500 евра секој месец да трошиме без непосредна спогодба, сакаме место три, 5 илјади евра со непосредна спогодба, да купуваме струја со непосредна спогодба или она што имаме еден амандман, најголемиот веројатно простор за криминал што се остава со овој закон е тоа да после тендерот да му се исплати на победникот 30% повеќе од договорената цена. Пресметајте или спремајте се за тој амандман што ќе следи утре или задутре, за набавка од 100 комјутери што значи и како ќе се знае победникот однапред. Затоа да не продаваме могу демагогија, патот на Македонија е определен со овој документ, греота и срамота е што замениците министри и министрите не го имаат прочитано тој документ. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика пратеникот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Би сакал со заменикот министер да реплицирам неколку работи.

Прво, факт е дека, можеби Бирото за јавни набавки постои од 2005 година и факт е дека според стариот Закон, всушност сеуште важечкиот, овој не сме го изгласале Бирото за јавни набавки имаше повеќе надлежности.

Само при непосредните спогодби обврска беше на сите буџетски корисници и јавни претпријатија до колку два пати поведе постапка за јавна набавка, до колку не се јави ниту еден заинтересиран понудувач да бара согласност од Бирото за јавни набавки за непосредна спогодба. По новото законско решение немате орган кој што ќе го контролира тоа. Значи, директно на Бирото за јавни набавки му ја менувате улогата и го ставате за едно скалило подолу, а во јавните набавки отворате простор за големи злоупотреби. Ние не велиме дека ќе има, меѓутоа отварате можност. Значи не е точно дека на Бирото за јавни набавки не му ја менувате улогата и дека останува на истите надлежности. Не е така. Затоа сметам, бидејќи самите рековте дека е оставено секоја држава во рамките на својата национално законодавство да реши каква ќе биде улогата на Бирото за јавни набавки, ние сметаме дека треба да биде независно тело од Владата. Да биде еден вид контролор на постапките за јавни набавки кои што ги вршат буџетските корисници, јавните претпријатија, локалната самоуправа и Бирото за јавни набавки мора да ја има таа улога. Вие не може да го контролирате. Се работи за 200 милиони евра пари на граѓаните на Република Македонија. Бирото за јавни набавки треба да добие поголеми надлежности кажува и самиот извештај на Бирото за јавни набавки за 2006 година, каде што органите кои што подлежат на овој закон и покрај законската обврска навреме не доставувале извештаи за спроведените јавни набавки, иако Бирото за јавни набавки ги упатувало. Немало можност дури ни да ги казни. Значи, имаме непочитување во делот на основната процедура да доставите рекапитулар за јавна набавка во рок од 30 дена од денот на потпишување на договорот. И тоа не е го почитувате. Значи, отвораме една можност со ова законско решение за големи нетранспарентни постапки, за злоупотреба на пари на граѓаните и навистина не ми е јасно зошто упорно не сакате Бирото за јавни набавки да стане самостоен орган надвор од Министерството за финансии и Владата на Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути пратеник на говорот на пратеничката Славица Грковска за госпоѓа Владанка Авировиќ.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам потпретседателе.

Во врска со институцијата непосредна спогодба која што повеќе пати беше кажана прво таа треба да биде спроведена во согласност со законот. Тука треба да ни е на сите јасно дека согласно Законот за јавни набавки сите органи треба прецизно по закон да работат. До колку законот не се спроведува, тогаш тоа значи дека се злоупотребува,

Исто така непосредната спогодба е јасно дефинирана со закон. Тука не треба да имаме дилеми. Проблемот настанува само во злоупотребата до колку некој од органите, министри или било кој сакате во јавниот сектор го злоупотреби тоа.

Во Република Македонија изминативе години сме сведоци дека инвестиционата клима е катастрофална. Ние во принцип имаме многу малку инвеститори кои што се јавуваат да купат или да преземат ризик на инвестирање во нашата земја.

Исто така треба да знаеме дека во изминатиот период се набавуваше во голема маса од страна на министерствата, јавните претпријатија, јавниот сектор. Прво се набавуваше опрема, а потоа се распишуваше тендер. За ова има документација. За ова има документација и кај Јавниот обвинител кој со години не презема ништо за оваа работа. Државниот завод за ревизија јасно и недвосмислено кажа колкави се злоупотребите со непосредните спогодби во изминатиот период, за кои што СДС како најголема партија има особено голема улога. Затоа мислам дека не е правилно во секоја дискусија да се чита Преродбата во 100 чекори за да може да се

злоупотребува. Таа во овој контекст, во овој Предлог на закон особено на овој амандман навистина нема место. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеник госпоѓица Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Почитувана колешке, вие практично ги кажавте сите аргументи зошто Бирото за јавни набавки треба да биде независно. Не гледам што е тука спорно тогаш да го поддржите овој амандман. Нормално дека проблемот не станува само во злоупотребата на јавните набавки и нормално е да нудиме решенија кои што одат во прилог кон тоа контролата на јавните набавки да биде зајакната, независна и непристраса, а тоа ќе го овозможиме со независна позиција на Бирото за јавни набавки.

Најдобар начин да покажеме дека сме сериозни во намерите да имаме транспарентни јавни набавки е давање независност на Бирото за јавни набавки. Јас се надевам дека вие ќе останете доследна на вашето излагање и ќе го поддржите нашиот амандман заради тоа што меѓу другото благодарение на непостоење на вакво независно Биро од 13 јавни набавки 11 се со непосредни спогодби реализирани. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Анка Цветановска.

**Анка Цветановска:** Благодарам потпретседателе.

Заради почитуваната јавност се јавувам да кажам дека текстот на амандманот по кој што дискутираше нашата пратеничка госпоѓицата Грковска се однесуваше на независноста на Бирото за јавни набавки. Меѓутоа во нејзината дискусија ние во ниеден момент не слушнавме во врска со текстот на амандманот, туку таа дискутираше во врска со премиерот Никола Груевски, со господинот вице премиер Ставрески, во врска со Преродбата во 100 чекори, во врска со пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и сакав да слушне почитуваната јавност дека целта на Грковска во цела таа контрадикторна дискусија, во која што ниту јас, веројатно ниту јавноста ништо не разбравме што сакаше да каже освен кочење на она што носи Предлогот за донесување на закон за јавни набавки, со Предог на закон знакче на Европска унија, за кое што се имаме договорено дека нема да има кочење, тие сепак цел ден дискутираат непродуктивно и навистина никаква врска немаше со она што таа го поднесе како амандман.

Благодарам, ова беше само заради јавноста да слушне.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Не сум многу изненадена заради тоа што не очекувам дел од пратениците да ја разберат мојата дискусија, меѓутоа само заради јавноста.

Во врска со амандманот е ако владеачкото мнозинство ветило дека нема да има непосредни спогодби, а ги реализира во изминатиот мандат, тоа да го кажам.

Во врска со амандманот е ако Владата на Груевски, која што се заложила за реализирање на транспарентнни јавни набавки го прави сосема спротивното и уште одозгора на се одбива да предложи независна институција како Бирото за јавни набавки, кое што ќе заврши независна и непристрасна контрола на јавните набавки и на тој начин признава дека не сака Владата да биде контролирана за начинот на кој што ги троши парите на граѓаните.

Тоа е во врска со амандманот, меѓутоа јас сум убедена дека граѓаните на Република Македонија повеќе ги разбираат нашите дискусии отколку нашите пратеници.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот господин Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам.

Во изминатиот ден имавме шанса да слушнеме многу рационални аргументи од страна на СДСМ и на опозицијата кои што не знам од кои причини не се предмет на интерес од страна на владеачкото мнозинство и пред се Владата освен ако ВМРО-ДПМНЕ и Владата немаат скриени мотиви. Затоа сосема е легитимно кога се зборува за јавни набавки во Република Македонија посебно во овој временски период да констатираме дека апсолутно ни е потребно инсталирање на систем кој што ќе биде и објективен и транспарентен и во согласност реално, а не измислено или извитоперено со европските директиви. И реално е да се признае од страна на Владата и од страна на пратениците од владеачкото мнозинство дека токму Европската комисија бара формирање на независно тело кое што ќе се занимава токму со јавните набавки.

Токму затоа кога говориме за јавните набавки во Македонија треба да ги имаме во предвид конкретните ситуации. Значи, кога зборуваме за јавни набавки во Македонија треба да имаме предвид како министерот за финансии набавува мазут за ТЕЦ Неготино во вредност од 20 милиони евра. Кога зборуваме за јавни набавки во Република Македонија треба да имаме во предвид како Министерството за финансии ги троши парите за кампањата поврзано со безготовинското плаќање, популарно наречено, министерот често пати имаше прилика да ја именува со добра фризура, па дури потоа да може да констатира дека таа од прилика изнесувала толку или онолку, кога говориме за јавни набавки треба да имаме во предвид дека премиерот Никола Груевски во континуитет откако е избран за премиер на Владата на Република Македонија одбива да каже колку пари чинат јавните набавки кои што ги прави Владата,

а во делот на промотивните или на пропагандните спотови, или пропаганди, како сакате наречете ги. Бидејќу согласно Законот кој ние го признаваме кривично дело е да распишете тендер за кој што однапред знаете дека ги немате парите, но во исто време претставува и криминал да потрошите пари, тоа да го образложите евентуално дека е во интерес на граѓаните без притоа да кажете колку пари е. Навистина не знам од каде толкав страв кај Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ да не дозволи формирање на Биро за јавни набавки од оној тип кој што го предлага СДСМ со овој амандман. Орган кој што ќе биде независен, она кое што ќе го именува сопствениот амандман Собранието односно директорот ќе го именува Собранието на Република Македонија и она биро за јавни набавки кое што ќе биде извлечено од стегите и политичките притисоци на Владата односно Министерството за финансии. Да не заборавиме, Министерството за финансии е политички орган на политичката Влада која што има интерес и мотив политички да ги води јавните набавки и во овој изминат временски период од една година по кажувањата на голем број, би рекол членови или блиски луѓе на ВМРО-ДПМНЕ се обидува да ги врати долговите на голем број фирми кои што ги дале парите за кампањата 2006 година. Гледам колегата Влатко Ѓорчев молчи цело време. Мислам дека неговиот краткорочен страж како обвинител по нарачка од страна на Владата на Република Македонија треба да го употреби и сега и да каже зошто, да речеме 80% од оние набавки кои што беа направени за време на Самитот на ЕАПС во Охрид се направени во директна спогодба, а не врз база на тендер, да објасни кај кои фирми завршуваат огромните зделки кои што Владата ги склучува со непосредни спогодби и на крајот на краиштата да каже зошто коинцидира таканаречената активност на Владата за поправка на тоалетите, хигиенските и санитарни јазли во основните и средни училишта, активност што е обврска на локалната самоуправа, а не на Владата со ваков закон за јавни набавки. Дали тоа е вовед прктичен на овој закон за јавни набавки за легитимирање и легализирање на сите изминати зделки кои што се имаат направено со фирми блиски на ВМРО-ДПМНЕ, дали овој закон за јавни набавки е вовед за проблемите кои што настанаа во Министерството за образование и финансии за евентуалната изградба на фискултурните сали каде што во моментот се врши сериозна бизнис пресметка помеѓу разни фирми во кругот на ВМРО-ДПМНЕ и дали овој закон коинцидира токму со викенд одлуката на Владата за изградба или поправка, реконструкција на овие делови од основните и средните училишта, што не се нивна примарна надлежност.

Апсолутно сосема легитимно е потребно Македонија посебно, посебно ќе нагласам, кога има ваква Влада која што одбива да каже од првиот до последниот човек колку пари трошат во име наводно на граѓаните, а од граѓаните за сопствено рекламирање и промовирање.

И нелегитимно е и претставува отворен, јасен и транспарентен мотив за криминал и корупција кога ќе речете на Бирото за јавни набавки му ги одземаме сите ингеренции кои што претставуваат брана за евентуална злоупотреба, истите нема да ги делегираме на некој орган кај кој што ќе ја бараме одговорноста, ќе ги ставиме некаде во облаци и притоа кога нешто нема да биде по теркот на законот, како што велат нашите колеги пратеници, а многу такви работи има никој нема да биде одговорен и крив. Такви случаи имаме многу. Да се присетиме дека за една од најбитните претставувани приватизации и продажби, а тоа е за ТЕЦ Неготино односно продажбата на ТЕЦ Неготино на бугарскиот конзорциум, градежниот конзорциум ХАЧ Владата на Република Македонија во изминатиот месец ипол не знае што да прави самата со себе. Еднаш беше јавен тендер, втор пат беше во друга постапка, трет пат беше канадски, четврт беше бугарски, петтиот пат ги проверуваа документите, шестиот пат задоцнија, седмиот пат допрва ќе утврдуваат, министерката не сака да го потпишува, Ставрески не и дава да даде изјава пред медиумите за оваа работа во континуитет, тоа покажува кога имате нечисти мотиви, кога имате желба од наводна успешна приватизација или продажба да направите наводна, а ќе се потврди фактичка криминална приватизација и продажба што може да се случи.

Токму затоа овој амандман не подразбира да се вметне некој нов елемент во системот кој што ќе во влоши, туку напротив на фактичка и на реална основа ќе му ги даде оние зборови што министерот Славески, гледам во своето експозе многу слаткоречиво ги споменал, а се однесуваат на транспарентноста од аспект на чесноста, од аспект на отвореноста, од аспект на ефикасноста, бидејќи сето останато кое што наводно како образложение за овој закон се дава претставува само добар параван како полесно, побрзо, поефикасно и поневидливо да се прави криминалот и корупцијата. Како полесно и поневидливо да се вратат парите што некои фирми ги давале за време на изборите. И такви одговори треба да бараме. Не да ги пушта Владата одредени пратеници од владеачкото мнозинство со користење на епитети кои што и самите не ги разбираат, наводно да ги оспорат аргументите на опозицијата, бидејќи од него се гледа дека голем дел на зделки направени во изминатиот период не са направени согласно Уставот и законите на Република Македонија. За нив се разговара. За нив ги отвараат не само опозиционите партии, најмногу СДСМ, за нив разговараат многу невладини организации кои што се задолжени за борба против криминалот и корупцијата. За нив допрва ќе се разговара. Некои велат дека треба да се прават дела, или дела или црна книга на криминалот и корупцијата на ВМРО-ДПМНЕ и на Владата. Тие ќе велат ние имаме портокалова програма, ништо од ова за

што денеска разговараме не гарантира дека во Македонија од утре ќе бидат процедурите почисти, ќе бидат процедурите поефикасни или потранспарентни. Напротив, гарантира само едно, толкав хаос во кој што најлесно се снаоѓа оној кој што ги инструира, а тоа е Владата која што бара таков систем во кој што оној кој што ги дава парите определува кој ќе биде победникот, определува на кој начин ќе се случи договорот, определува директни спогодби на еден или на друг начин ќе може да го утврди победникот притоа решавајќи си го проблемот на финансирање на претходни, идни, сегашни активности, не знам каков им е планот во ВМРО-ДПМНЕ.

Немојте да мислите дека Европската комисија, со која што ви е полна устата, ќе го видиме извештајот, за жал овој закон требаше да биде дел од европскиот извештај што ќе излезе на почетокот на ноември. Најверојатно нема да биде, бидејќи побитни беа празниците за ВМРО-ДПМНЕ, за музеите на ВМРО-ДПМНЕ и за редици други работи наместо овој закон. Кога стигна овој закон како резултат на општата папазјанија имаме ситуација во која што истиот априори прејудицира иден криминал и корупција и го легитимира и го легализира сегашниот и минатиот криминал и корупција. Паѓаат во вода сите работи дека наводно новата Влада на ВМРО-ДПМНЕ ќе работела чисто и согласно Уставот и законите.

Се извинувам, ако сакате да ги смените сите закони во Република Македонија па тоа да ви биде концептот ќе работиме само по законите на ВМРО-ДПМНЕ, кое што ќе значи криминал и корупција тогаш ќе успеете, бидејќи на ваков начин како што го правите апсолутно мислам дека е дефинитивно погрешниот и контрапродуктивен.

Јас се извинувам ако не бев сведок, присутен во оваа сала да го слушнам благо почитуваниот сателит на ВМРО-ДПМНЕ, секој кој што секогаш чувствува потреба најревносно да ги брани ставовите на ВМРО-ДПМНЕ, дури и тогаш кога тоа не го прават ни самите пратеници од ВМРО-ДПМНЕ, тоа е колегата Павле Трајанов да ни каже дали во неговата високо почитувана, теоретски замислена декри програма овој концепт за јавните набавки се поклопува. Претпоставувам ќе рече да, бидејќи знам дека ќе гласа за. Оттаму ќе го сфатам, ќе ги сфатам неговите заложби за наводна декриминализација, за фактичка криминализација и на оние органи кои што сами по себе требаше да бидат експертски, изолирани од политичките власти и согласно Законот за државни службеници кој што ќе им гарантира независност, самостојност и работа единствено согласно Уставот и законите. Јас знам дека за жал владеачкото мнозинство ќе го усвои овој закон, но знам и една работа, криминалот не застарува. Претпоставувам тоа ќе ни го рече и колегата Трајанов, бидејќи криминалот не застарува сите работи кои што во изминатиот период кои останале неевидентирани, кои се надвор од процедурите на Уставот и законите ќе бидат проверени, променети и во законска и судска постапка евентуално корегирани од друга влада, ама не на ВМРО-ДПМНЕ и на останатите партии кои што не ја сочинуваат. Тоа ќе биде направено од Владата на СДСМ и за тоа можеме однапред да гарантираме.

Оттаму ако минимум 1% од 100 имаат желба пратениците од владеачкото мнозинство да покажат и докажат дека навистина го мислат тоа што го говорат да го прифатат амандманот со кој што ќе се издвои многу значаен орган во битката против криминалот и корупцијата и во спроведување на сериозни функции на државата на сосема поинакво ниво, бидејќи тоа е направено како предлог кој што претставува систем од овој амандман, од следниот и генерално на крајот на краиштата ако не верувате на тоа што СДСМ го предлага, или не сакате да верувате бидејќи не ви одговара прочитајте ги внимателно препораките и директивите од страна на Европската комисија ќе видите дека коинцидираат со она кое што претставува дел од овој амандман. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи има уште две минути до крајот на работното време, вие претпоставувам за реплика сте колега Трајанов, ќе треба утре. До крајот на работното време ако...

(Реакција на пратениците од место).

Уште една минута има, тогаш утре ќе реплицирате.

Овде ја прекинувам...

(И понатаму реакција на пратениците од место).

Ја прекинав седницата.

Утре продолжуваме со истата седница, односно со вашата реплика господин колега.

(Седницата прекина со работа во 17,53 часот)